# ФЕНОМЕНОТ СЛАБО ВЕРУВАЊЕ

*симптоми, причини, лекување*

МУХАММЕД САЛИХ ЕЛ МУНЕЏЏИД

# ظاهرة ضعف الإيمان

## الأعراض . الأسباب . العلاج

محمد صالح المنجد

*Наслов на оригиналот:*

# ЗАХИРЕТУ-ДА'ФИ-Л-ИМАН

**Шејх Мухаммед Салих ел-Мунеџџид**

*Преведе:*

**Ариф еф Рамадани**

*Лектура:*

**Ирфан Абазоски**

*Коректура:*

**Мухаммед Алиоски**

*Компјутерска обработка:*

**Јусуф Салиу**

*Издавач:*

**Ебу Медина**

## ПРЕДГОВОР

Благодарноста му припаѓа единствено на Аллах, џ.ш., од Него помош и опрост бараме. Го молиме да нè сочува од злото на нашите лоши души и развратни дела. Кого Аллах ќе го упати не може никој да го залута, а кого Тој ќе го остави во заблуда никој не може да го упати. Сведочам дека нема друг Бог освен еден Аллах џ.ш., кој нема придружник, истовремено сведочам дека Мухаммед, саллаллаху алејхи ве селлем, е Негов пратеник и Негов роб.

**„О верници, плашете се од Аллах со плашливост вистинска. И умрете само како муслимани.“** (Али Имран, 102)

**„О луѓе плашете се од Господарот ваш кој ве создаде од еден човек. Од него создаде една жена. И од нив расеа и мажи многу и жени многу. Плашете се од Аллах, со Чие име се повикувате, и меѓу роднините. Аллах, навистина, бдее врз вас!“** (Ен-Ниса, 1)

**„О верници, плашете се од Аллах и зборувајте само вистина! Он ќе ви ги поправи делата ваши. А оној кој послушен на Аллах и на пејгамберот Негов.. Тој ќе однесе секако, победа голема!“** (Ел-Ахзаб, 70-71)

И потоа:

Феноменот „Слабо верување“ е појава која во широки размери е проширена и застапена кај голем број од денешните муслимани, затоа среќаваме многумина од нив како се жалат на суровоста во нивните срца и честопати слушаме како велат: „Чувствувам суровост во моето срце“, „Не го чувствувам вкусот на ибадетот“, „Мислам дека моето верување е на работ од пропаста“, „Читањето на Куранот не ми остава никаков впечаток“, „Лесно паѓам во грев“. Сите гревови се еден вид на болест која има свој почеток, додека оваа болест (Слаб иман) е темел на секоја несреќа и причина за секој недостаток и искушение.

Темата за срцето е мошне чувствителна, сензуална и важна тема. Ако погледнеме во арапскиот јазик срцето се нарекува **„калб“** што во етимолошка смисла значи: превртување, колебање, варирање, променување од една во друга состојба итн. Во таа смисла Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с.,. рекол: *„Срцето се нарекува „калб“ т.е. (превртување) пора-*

*ди неговото превртување и колебање. Примерот на срцето личи на перо кое ќе се закачи за цврсто стебло кое ветерот го превртува нагоре-надолу.“* **(Ахмед, сахих)**

Во друго предание се наведува:

*„Примерот на срцето личи на перо во некоја нива (пустина) каде ветерот го разнесува наваму натаму.“* **(Ибн Еби Асим, сахих)**

Како што гледаме срцето е многу нестабилно, колебливо, превртливо од една во друга состојба како што тоа го опишал Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., кога рекол:

*„Срцето на човекот е повеќе растреперливо отколку котелот кога ќе достигне врвна точка на вриење.“* **(Ибн Еби Асим, сахих)**

А во друго предание на Ахмед, стои:

*„...по превртливо е од водата во казанот кога врие.“*

Семоќниот Аллах, џ.ш., е Тој кој ги превртува срцата од една во друга состојба и ги поколебува како што Тој посакува како што тоа се наведува во хадисот на Абдуллах ибн Амр ибн ел-Ас дека го слушнал Пратеникот, с.а.в.с., како вели:

*„Сите срца на луѓето се меѓу двата прста од прстите на Милостивиот како едно срце, ги управува на каков начин сака Тој.“* Потоа, Пратеникот с.а.в.с., рекол: *„Аллаху мој, Управувач на срцата, упати ги нашите срца кон Твојата послушност.“* **(Муслим)**

Ова го потврдуваат и многубројни курански ајети: „**Аллах стои меѓу човекот и неговото срце“** Исто така, нема да биде спасен на идниот свет освен оној **„...кој ќе дојде кај Аллах со чисто срце“** и проклетството е врз **„...оние чии срца се сурови од спомнувањето на името на Аллах“** и ветен му е џеннетот на оној **„...кој се плаши од Милостивиот за невидливиот свет и ќе дојде со покаено срце“.**

Ако ова го спознавме, тогаш на верникот не му преостанува ништо друго освен да се погрижи за состојбата на своето срце, да ја спознае неговата болест, причина за болеста.. и така да почне со превентивни мерки за заштита и лекување пред да дозволи неговото срце да се поцрни и прекрие како последица на многуте гревови, а тоа е опасна и значајна работа имајќи во предвид дека Аллах џ.ш., нè предупредил од сурово, болно, немарно, слепо, покриено, скршено и запечатено срце.

Во наредните страници ќе ги претставиме најважните чекори кои се потребни за запо-

знавање со феноменот и болеста **„слаб иман“,** неговите симптоми, причини и начинот на неговото лекување.

И на крај, го молам Возвишениот Аллах џ.ш., да го направи ова дело од моја корист и корист за сите браќа муслимани, и да го награди со неизмерна награда секој оној кој ќе се потруди или помогне во негово издавање. Единствено само Аллах џ.ш., е Управувач на нашите срца и Достоинствен да ги омекне и упати истите. Тој е прекрасен Господар, и доволен Помагач за вистинските верници.

# СИМПТОМИ НА СЛАБИОТ ИМАН

За болеста „Слаб иман“, постојат бројни симптоми и знаци преку кои се препознава дотичната болест. Ние ќе спомнеме само неколку од нив:

## 1) Паѓање во гревови и правење на забрани:

Честопати сретнуваме голем број на луѓе кои лесно паѓаат во грев, други пак постојано прават некоја грешка и стојат рамнодушни спрема неа. Меѓутоа, честото паѓање во грев има болна последица, а тоа е можноста грешењето да стане секојдневна навика, а уште поболно е тоа што постепено срцето станува поцрнето и заразено. Најболно од сето искажано е што грешникот ќе почне јавно да го искажува својот грев, и тогаш влегува во склад на следниов хадис:

*„На сите грешници од Мојот уммет ќе им биде простено, освен на оние кои јавно ги искажуваат (гревовите)! Во јавно искажување спаѓа: кога човекот ќе направи грев преку ноќ, потоа се раздени, а Аллах му го покрил гревот. Човекот ќе рече: О, ти, синоќа направив вака и вака. На таков начин заноќил, додека Аллах го покрил, потоа се разденува и го открива она што Аллах му го покрил.“* **(Бухари)**

## 2) Чувство на суровост во срцето и негова тврдост:

Тоа е до тој степен што човекот како да чувствува дека неговото срце станало тврд камен кој не впива во него ништо, ниту влијае врз него некој фактор. Семоќниот Аллах џ.ш. вели: **„Меѓутоа, вашите срца после тоа затврднеа како камен или уште потврдо.“** (Ел-Бекара, 74) На оној со тврдо и сурово срце не му користи советот за смртта, ниту глетката на мртви, ниту џеназето, дури и џеназе да носи на своите раменици и со земја да го покрива за него сето тоа е безначајно. Неговото одење меѓу гробовите е како одењето меѓу камења.

## 3) Непотполно извршување на ибадетите:

Доказ за тоа е залутаноста на мислите (духот) при намазот, читањето на Куран... и разни други молби. Без размислување и медитирање ги изговара молбите, така што молбите ги изговара на здодовен монотонен начин како што ги научил. Ако пак се навикне да се моли со одредена дова, тоа кај него станува обичај, тогаш тој не размислува за значењето на таа дова. Всушност, Возвишениот Аллах џ.ш., *„...Не ја прима довата од немарно и безгрижно срце.“* **(Тирмизи)** како што стои во горенаведениот хадис.

## 4) Тромост и мрзливост при извршувањето на добри дела, ибадети и нивно потиснување:

Таквите лица кога извршуваат некој ибадет го извршуваат со празни движења без дух во нив. На таков начин Аллах џ.ш. ги опишал мунафиците, лицемерните: **„Кога стануваат да извршуваат намаз, мрзливо стануваат.“** (Ен-Ниса, 142)

Во овој смисол влегува безгрижноста за искористување на благословените периоди за добри дела, одбраните времиња за ибадет. Тоа е јасен доказ за незаинтересираноста на таквите луѓе за постигнување на награда. Затоа некој од нив кој е моќен го одложува обавувањето на хаџџ за подоцна, скржави да помогне на Аллаховиот пат, задоцнува со клањање намаз во џемат па, потоа и од џума намаз. Пратеникот с.а.в.с., рекол:

*„Нема еден народ да задоцнува од првиот сафф сѐ додека Аллах ги заостане (остави) во оган.“* **(Ебу Давуд)**

Таквиот човек не го гризе совеста кога ќе преспие од некој пропишан намаз, или пак потврден суннет или пак некое друго добро дело. Тој не се грижи да го надомести ниту да го надополни пропуштеното, дури понекогаш намерно ги пропушта суннетите или колективните обврски (фарз-кифаје). Можеби и не присуствува на бајрам намаз (некои сметаат дека бајрамот е ваџиб) не ги клања намазите при помрачување на сонцето и месечината, не присуствува во следење на џеназе, ниту во негово клањање. Тој не посакува награда, инфериорен е, спротивно од оние кои Аллах џ.ш., ги опишал во својата книга: **„Да, тие се труделе што повеќе добри дела да напра-**

**ват и Нѐ молеле во надеж и страв; и спрема нас биле потчинети.“** (Ел-Енбија, 90)

Еве уште неколку форми на мрзливост во извршување на добрите дела: пасивност при клањање на потврдените суннети, на ноќниот намаз, при поранување во џамија за намаз и сите други доброволни нафилиња како: духа намаз, два рекати намаз тевбе и истихара намаз.

## 5) Тесноградност и промена на однесувањето до тој степен што човекот чувствува врз себе голем товар:

На таков начин човекот брзо се лути и се вознемирува за најситна работа, го нервира секоја постапка на луѓето околу него, губи трпение и расположение иако Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., го опишал иманот со следниве зборови:

*„Иманот е: трпеливост и толеранција.“* **(Ес-силсиле-сахиха, 554)** А верникот го окарактеризирал како човек кој е: *„Близок и кој зближува. Нема добро во оној кој не е близок и кој не зближува.“* **(Силсиле-сахиха)** Односно верникот е љубезен во себе и неговата љубезност ги спријателува другите.

## 6) Невлијание на куранските ајети врз неговата душа (рамнодушност):

Така што куранските ајети не му оставаат никакви траги на неговата душа, ниту ајетите со предупредување и заканување, ниту оние за забранување или наредување, ниту оние кои ги опишуваат стравотиите на Судниот ден. Слабиот иман (верување) се карактеризира и со здодевност и монотонија при слушањето на Куран, дури и самиот кога чита не може подолго да чита, само што ќе го отвори Куранот веднаш го затвора. Аллах да нè сочува!!

## 7) Немарност во спомнувањето, молењето и славењето на Аллах џ.ш.:

За него спомнувањето на Аллах, џ.ш., е многу тешко и само што ќе ги подигне рацето кон небо со дова веднаш ги спушта. Семоќниот Аллах џ.ш., на ваков начин ги опишал лицемерните (мунафиците) со зборовите: **„И не го спомнуваат Аллах освен малку.“** (Ен-Ниса, 142)

## 8) Рамнодушност спрема оние кои ги прекршуваат Аллаховите забрани:

Тоа е затоа што пламенот на позитивна енергија згаснал во неговото срце, неговите органи се парализирани од спречување на злото; ниту наредува кон добро ниту возвраќа од лошо, ниту се намуртел со своето лице на Аллаховиот пат. Ова болно срце Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., го опишал како „слабо“ „беспомошно” во следниов хадис*:*

*„Искушенијата ќе се подредат на срцата како рогозина: гранка по гранка, кое срце ќе ги прими (потполно влезат во него) му се зацртува црна дамка,* до тој степен што срцата ќе станат како што Пратеникот го опишал во друг хадис:

*„Црно помешано со бело, искривено, не познава што е добро ниту негира што е лошо...“* **(Муслим)**

На ваквиот човек избришана му е наклоноста од неговото срце кон добро и одвратноста кон зло, мерилото за добро и лошо е рамномерно кај него; што може него да го поттикне кон извршување на наредба и избегнување на забрана? Можеби таквата личност и кога ќе

слушне дека на земјината површина се прави некое развратно дело му причинува задоволство, тогаш тој има ист грев како оној кој бил присутен, го видел тоа дело и го одобрил. Ова најдобро ни го претставил Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с.,:

*„Кога ќе се направи некој грев на Земјата; оној кој со свои очи го видел и го спречил е сличен со оној кој воопшто не го видел тоа дело; а кој нема да го види, но го одобрува (задоволен е со тоа дело) е сличен на оној кој го видел гревот.“* **(Ебу Давуд)**

Замислете, самото задоволство - а тоа е дело на срцето - се поистоветува на ист степен во грев со оној кој го видел делото и не го спречил.

## 9) Желба за слава (истакнување):

Ова има неколку форми:

☐ *Желба за власт и управување без проценка на нивната одговорност и опасност.*

За оваа појава предупредил Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., со зборовите:

*„Вие ќе тежнеете за власт, но таа ќе биде каење на Судниот ден. На почеток е слатка но потоа е горка.“* **(Бухари)**

Односно, во почетокот преку власта се добива богатство, позиција и задоволство, меѓутоа нејзиниот крај е убиствен, понижувачки и понесува одговорност на Судниот ден. Затоа Пратеникот, с.а.в.с., во многу прилики укажувал на опасноста од власта и нејзината заслепеност, и дека малку се оние кои ќе ја преземат потполно свесни за нејзината одговорност и ја извршат на заслужен начин.

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, во друга прилика рекол:

*„Ако сакате ќе ве исвестам за власта и што носи таа: Првата фаза е прекор, втората нејзина фаза е каење и последната нејзина фаза е казна на Судниот ден, освен за оние кои биле праведни.“* **(Таберани, сахих)**

Ако прифаќањето на власта е проследена со мотив за правилно извршување на должноста со чист морал и праведност во случај кога нема друга соодветна личност за неа како што е случајот на пратеникот Јусуф а.с., тогаш таа е добродојдена и благородна работа. Меѓутоа во многу случаеви мотивите се поинакви како неодолива желба за водство, надминување на подобрите, присвојување на

туѓите права и привлекување на внимание кај луѓето за наредување и забранување.

☐ *Желба за челна позиција во меџлиситe (седенките),* посакува само тој да зборува и неговиот збор да се слуша, тој да раководи со најважните работи, тој да ги предводи присутните во михработ. Иако Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., предупредил за михработ дека тој е место каде се врши еден вид на колење. Тој рекол:

*„Плашете се од овие колежи - односно михраби.“* **(Бејхаки, Сахихул-џами’,120)**

☐ *Посакува другите да му стануваат кога тој ќе влезе за да би почувствувал почест и височество во неговата болна душа.* Иако Пратеникот, с.а.в.с., рекол:

*„Кој посакува Аллаховите созданија да му стануваат на нозе (нека знае дека за него) има подготвено куќа од оган.“* **(Бухари)**

Затоа се пренесува дека кога Муавије излегол пред Ибн Зубејр и Ибн Амир, станал Ибн Амир додека Ибн Зубејр седнал. Тогаш Муавије му рекол на Ибн Амир: - Седни, бидејќи го слушнав Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., како вели:

*„Кој посакува другите луѓе да му стануваат на нозе веќе подготвил место за себе во огнот.“* **(Бухари Едебул-муфред, 977, Ебу Давуд)**

Ваквите луѓе ги обзема лутина штом ќе видат дека некој суннет (дело) на Пратеникот с.а.в.с., се практикува исто како што е почнување од десната страна во секоја работа. Кога таквото лице влегува во некој меџлис не се задоволува сѐ додека некој не му стане за да би седнал тој на неговото место без оглед на забраната на Пратеникот, с.а.в.с., кога рекол:

*„Нека не станува некој некого од неговото место за да би седнал тој.“* **(Бухари)**

## 10) Лакомост и Шкртост:

Ако погледнеме во Аллаховата Книга ќе видиме како Аллах, џ.ш., ги фали Енсариите[1] со зборовите: **„Им даваат предност на другите иако самите имаат потреба за тоа.“** (Ел-Хашр, 9) Исто така, Аллах џ.ш., објаснил

[1] Енсарии се жителите на Медина кои им помогнале на иселениците од Мекка.

дека спасени се оние кои се сочувани од лакомост. Нема сомнение дека слабиот иман вродува во себе лакомост. Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Никогаш нема да се спојат заедно во срцето на човекот: иманот и лакомоста.“* **(Несаи, Сахихул-џами’, 2678)**

Што се однесува до опасноста од лакомоста, нејзините последици Пратеникот, с.а.-в.с., ги објаснил во следниов хадис:

*„Чувајте се од лакомоста, бидејќи оние кои беа пред вас пропаднаа поради лакомоста; таа ги наведе на скржавост и тие скржавеа, ги наведе на раскинување на роднинските односи и тие ги раскинаа, ги наведе на разврат и тие паднаа во разврат.“* **(Ебу Давуд, Сахихул-џами’, 2678)**

Што се однесува до скржавоста, оној со слаб иман не поделува ништо на Аллаховиот пат па дури и да се има потреба за садака или се појави сиромаштија и несреќа кај неговите браќа муслимани. Ова најдобро и највпечатливо ни го објаснил Аллах, џ.ш., во следниов курански ајет: **„Ете, вие сте тие кои се повикувате да трошите на Аллаховиот пат.**

**А меѓу вас има и кои скржават. А оној кој скржави, тој против себе скржави. Аллах е богат, а вие сте сиромашни. А ако ги свртите плеќите Тој ќе ве замени со друг народ кој нема да ви биде сличен на вас.“** (Мухаммед, 38)

## 11) Несразмерност меѓу зборовите и делата:

Возвишениот Аллах, џ.ш., вели: **„О вие кои верувате, зошто зборувате она што не го работите. Тоа е многу одвратно кај Аллах: едно да зборувате а друго да работите.“** (Ес-Сафф, 2-3) Нема сомнение дека оваа појава е еден вид на дволичност (нифак). Оној чии зборови се спротивни на неговите дела станува понижен кај Аллах, џ.ш., и кај другите луѓе. Жителите на џехеннемот ќе ја откријат вистината за оние кои на овој свет повикувале кон добро а самите не правеле добро или оние кои одвраќале од лошо, а самите го правеле лошото.

## 12) Се радува кога ќе загубат браќата муслимани или ги погоди некоја несреќа или пропаст:

Тој се радува и се весели кога муслиманите ќе изгубат нешто од Аллаховите благодети, бидејќи со тоа тие станувaат исти како него без да имаат нешто што ќе ги одликува над него.

## 13) Непотребно расправање за величината на гревовите без оглед за какво непожелно дело станува збор:

Некои луѓе кога сакаат да направат некое дело не прашуваат за добрите дела туку прашуваат: Дали ова дело преминува во грев или не? Дали тоа е мекрух или харам? Ваквото лице паѓа во двосмислените и одвратните дела, што непосредно води еден ден во харамите. Таквиот човек нема нешто што ќе го спречи од правење на некое непожелно или нејасно дело штом тоа нешто не е харам. Ова е исто како следниве зборови на Пратеникот, с.а.в.с.,:

*„Кој ќе падне во сомнителните работи како да паднал во харам; тоа е како овчарот кој ги пасе овците околу туѓа (забрнета) нива, плашејќи се секој момент да не преминат во неа.“* **(Бухари, Муслим)**

Постојат меѓу луѓето и такви кои кога ќе прашаат за нешто и бидат известени дека тоа е забрането, тие прашуваат: Дали тоа е многу строго забрането или не е? Колкав е гревот за тоа забрането дело? Ваквите и слични на него не се грижат за одалечување од забраните, туку тој е подготвен да го направи првиот чекор кон харамот. Некои ги омаловажуваат малите гревови што ги води во нивно секојдневно грешење и отстранување на секоја препрека меѓу него и гревот. Затоа Пратеникот с.а.в.с., рекол:

*„Некои луѓе од мојот уммет ќе работат некои добри дела големи како планините Тихаме. На Судниот ден Аллах џ.ш. ќе ги направи како прашина раздувната.“* Сеубан рече: *О, Аллахов Пратенику, опиши ни ги какви се тие за да не би биле од нив а ние не знаеме?“* Пратеникот с.а.в.с., одговори: *„Тие се ваши браќа, од ваша кожа; се молат преку ноќ како што се молите и вие, меѓутоа тие се народ кој кога се осамува ги прекршува Аллаховите забрани.“* **(Ибн Маце, сахих)**

Го гледаш како паѓа во грев без колебање. Овој е полош од оној кој паѓа во грев со двоумење и колебање иако двете лица се во опасност. Меѓутоа првиот е полош од вториот.

Оваа категорија на луѓе не им дава голема важност на гревовите како резултат на слаботo верување ниту смета дека направиле некое развратно дело.

Затоа, Ибн Месуд р.а., ја опишува состојбата на верникот и мунафикот на следниов начин:

*„Навистина, верникот ги гледа своите гревови како да е седнат под брдо и се плаши да не се сруши врз него, додека грешникот гледа на своите гревови како мува да застанала на неговиот нос и само ќе замавне со раката да ја истера.“* **(Бухари)**

## 14) Омаловажување на позитивните дела и негрижа спрема малите добри дела:

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., нè предупредил да не бидеме од таков вид на луѓе. Пренесува имам Ахмед, рхм, во својот *Муснед* од Еби Џерриј ел-Хуџејми дека тој дошол кај Пратеникот, с.а.в.с., и му рекол:

„О, Аллахов Пратенику, Ние сме селани (бедуини) поучи не нешто со што Аллах би не окористил со тоа.“ Пратеникот рекол: *„Немој да омаловажуваш ниту едно добро дело па*

*дури тоа да е и посипување вода од твојата кофа на оној кој ти побара да го напоиш, дури и кога зборуваш со твојот брат да зборуваш со насмеано лице.“* **(Ахмед)**

Што значи, ако некој дојде и побара да го напоиш со вода додека ти ја повлекуваш кофата од бунар со вода; подај му и нему. Ова дело иако навидум изгледа мало и ништожно, сепак не треба да се омаловажува. Исто така и средбата со братот муслиман со насмеано ведро лице, отстранување на нечистотии од џамија дури и да е зрно.

Можеби овие мали наизглед незначителни дела ќе бидат причина за опрост на гревовите. А Аллах џ.ш., му ги прима овие дела на човекот и му ги простува гревовите. Зар не си ги слушнал Пратениковите зборови каде вели:

*„Поминал човек по пат и наишол на гранка која им пречела на луѓето и човекот рекол: 'Се колнам во Аллах, ќе ја тргнам оваа гранка од патот за да не им пречи на муслиманите, и заради тоа е воведен во џеннет.“* **(Муслим)**

Оној човек кој ги потценува добрите едноставни дела, со тој човек нешто не е во ред.

Доволна казна за невреднувањето на малите добри дела е спречување од една прекрасна особина на која алудираат зборовите на Пратеникот, с.а.в.с.,:

*„Кој ќе отстрани нешто што им пречи на патот на муслиманите, му се пишува едно добро дело, а кому се прими едно добро дело ќе влезе во џеннет.“* **(Бухари во Едебулмуфред, Силсиле-сахиха, 5/387)**

Се пренесува дека асхабот Муаз, р.а., одел по пат а заедно со него бил и еден друг човек, и Муаз, р.а., отстранил камен од патот. Човекот прашал: Што е ова? Муаз одговорил: Го слушнав Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., како вели:

*„Кој ќе подигне камен од пат, ќе му се напише едно добро дело, а кому се напише едно добро дело ќе влезе во џеннет.“* **(Таберани, Силсиле-сахиха, 5/387)**

## 15) Безгрижност и пасивност за состојбата на муслиманите.

Не им помогнува на муслиманите на ниеден можен начин: ниту со дова, ниту со садака. Тој стои рамнодушен и со студени емоции спрема своите браќа муслимани ширум светот кои се потчинети, понижени, посрамени, злоставувани од огорчениот непријател. Се задоволува само со сопствениот мир и спокојство без оглед на она што се случува наоколу на неговите браќа по вера.

Секако, дека ова е резултат на слабиот иман, бидејќи верникот реагира и е во поинаква состојба од него. Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Верникот во однос на другите верници е како што е главата во однос на телото; го боли верникот за другите верници како што телото го боли за она со што се соочува главата.“* **(Ахмед)**

## 16) Прекинување на братската врска меѓу збратимените во името на Аллах џ.ш.:

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол:

*„Нема да се сакаат двајца во име на Аллах или во име на исламот а да не се разделат*

*поради првиот грев кој ќе го направи едниот од нив.“* Во друго предание: *„Нема ништо да ги раздели освен гревот кој ќе го направи еден од нив.“* **(Бухари во Едебул-муфред, Ахмед, Силсиле-сахиха, 637)**

Ова е доказ дека како последица на гревот може да се прекине или расипе односот на збратимените во име на Аллах џ.ш. Затоа суровоста што понекогаш ја наоѓа муслиманот спрема своите преостанати браќа муслимани е производ на еластичноста на верувањето поради грешењето, поради тоа што Аллах џ.ш. му го брише угледот на грешникот од срцата на своите робови. Па таквиот човек живее меѓу нив огорчен, безвреден и безначаен живот. Во меѓувреме тој ја губи поддршката и соработката од друштвото на верници како и Аллаховата заштита, бидејќи Семоќниот Аллах ги штити само оние кои веруваат.

## 17) Несвесност за одговорноста спрема својата вера.

Тој не чувствува одговорност за ширење на својата вера, ниту настојува да и служи на истата за разлика од асхабите на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., кои веднаш штом го прифа-

тиле исламот биле свесни за својата одговорност спрема верата.

Погледнете го примерот на овој асхаб по име Туфејл ибн Амр, р.а., колку време помина по неговото прифаќање на исламот и неговото одење до својот народ да го повикува во Аллаховата вера?! Само што го примил исламот веднаш се упатил кон својот народ да го повика на правиот пат. Само што влегол во ислам почувствувал голема одговорност, затоа побарал од Аллаховиот Пратеник  да му дозволи да се врати кај својот народ како даија - повикувач на Аллаховиот пат. За жал, денес голем број на муслимани долго време се задржуваат меѓу нивното држење за вера па сè додека го достигнат степенот на повикување на Аллаховиот пат. Ако се осврнеме малку околу животниот пат на асхабите на Пратеникот с.а.в.с., ќе видиме како тие откако ќе влегле под сенката на исламот, веднаш ги применувале прописите кои произлегуваат од верата како: непријателство спрема неверниците и одрекување од секаков однос со нив. Еве го Сумаме ибн Есал, р.а., поглавар на жителите на Јемаме. Откако бил заробен потоа доведен и врзан во џамија. Пратеникот, с.а.в.с., му го понудил исламот да го прифати. Аллах му фрлил светло во неговото срце и го примил исламот. По некое време, заминал на Умра. Кога стигнал во

Мекка им се обратил на курејшиските неверници со зборовите:

*„Нема да ви дадеме едно зрно пченица од Јемаме сѐ додека не го дозволи тоа Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с.“* (**Бухари**)

Погледнете како веднаш Сумаме се става во служба на својата вера и одеднаш им врши економска блокада на неверниците, бидејќи неговиот длабок иман ја налага ваквата постапка.

## 18) Потресеност и страв при несреќа или при паѓање во некоја безизлезна состојба:

Затоа таквото лице го гледаш потресно, нестабилно, растреперено, опседнато со грижи и преокупации, неспособен да се соочи со фактичката состојба на адекватен начин и со цврсто срце. Сето ова се случува поради слабоста на неговиот иман. Ако неговиот иман беше цврст и потенцијален, тој ќе беше непоколеблив и ќе им пријдеше на најголемите искушенија и несреќи со силна енергија и одлучност.

## 19) Претерано расправање и непотребно полемизирање:

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Не залутал ниеден народ откако биле упатени, а да не им било дадено расправање.“* **(Ахмед, Сахиху-џами’, 5633)**

Расправањето без факти и без чисти побуди води кон оддалечување од правиот пат. А колку многу денес ги има таквите кои расправаат со страст без знаење и јасни докази.

Доволен поттик за напуштање на оваа одвратна особина се зборовите на Пратеникот с.а.в.с., каде вели:

*„Јас му гарантирам куќа во џеннетските пространства на оној кој ќе го напушти препирањето (кавгата) дури и да биде во право.“* **(Ебу Давуд)**

## 20) Заслепеност во дуњалукот, оддаденост и предаденост кон неговите уживања:

На тој начин што гледаме како таквиот муслиман го врзал своето срце за дуњалукот

до тој степен што веднаш чувствува болка и разочарување во себе ако препушти некое овосветско задоволство како: богатство, позиција, слава... тогаш самиот се депримира и го опфаќа горчина што тој не го постигнал она што го постигнале другите, а уште повеќе чувствува болка и бес кога ќе види дека неговиот брат муслиман постигнал нешто од овосветските добра што тој ги нема постигнато, па дури и ќе му завидува и ќе посака Аллах да му ги одземе тие благодети. Ова е она што Пратеникот нè предупредил од тоа кога рекол:

*„Не можат да се спојат во срцето на човекот: верувањето (иманот) и завидливоста.“* **(Несаи, Сахихул-џами’, 1464)**

## 21) Зборувањето на човекот да биде далеку од исламската терминологија:

До тој степен што човекот кога зборува не го спомнува името на Аллах џ.ш., воопшто, ниту спомнува некој курански текст, или некој пример од животот на Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, ниту

некоја изрека од нашите претходници (Ес-селеф).

## 22) Прекумерна лична грижа за јадење, пиење, облекување, живеење, превозни средства (луксуз):

Го гледаш како се грижи за надворешниот изглед и не го засега колку средства троши на тоа поле, иако нема потреба за толкава грижа имајќи во предвид дека некои браќа муслимани имаат поголема потреба за тие средства. Сето ова го прави постојано сѐ додека не се оддаде во забранет раскош и уживање како што тоа се напоменува во хадисот на Муаз ибн Џебел, р.а., кога Пратеникот, с.а.в.с., го испратил во Јемен му порачал:

*„Чувај се од претерано уживање (раскош), бидејќи Аллаховите робови не претеруваат во уживања.“* **(Ебу Нуајм, Ахмед, Сислиле-сахиха, 353)**

# ПРИЧИНИТЕ ЗА СЛАБИОТ ИМАН

За слабоста на иманот постојат многу причини, некои од нив се поистоветуваат заедно со симптомите како на пример: паѓање во гревови или оддаденост кон дуњалукот. Имено, ние во понатамошното излагање ќе додадеме уште нешто дополнително за причините во однос на изминатото:

## 1) Оддалечување од верскиот амбиент за подолг период:

Секако, ова е една видлива причина за ослабување на иманот во внатрешноста на муслиманот. Најдобро ова ни го покажува Возвишениот Аллах, џ.ш., каде вели: **„Не дојде ли мигот за оние кои веруваат да им смекнат срцата, да се уплашат кога ќе се спомне Аллах, и вистината што им се објавува, и да не бидат како оние порано**

**со дадената Книга... па, времето им се оддалечи а срцата им станаа тврди. Мнозинството од нив се расипани.“** (Ел-Хадид, 16)

Овој курански цитат алудира на фактот дека: долгиот период во оддалечување на верската атмосфера влијае врз ослабувањето на верувањето во срцето. На пример: Ако еден муслиман подолго време се оддалечи или се изолира од неговите браќа по вера кои го советуваат, му помагаат во мака, поради патување или работа и слично, тогаш, тој го губи верскиот амбиент и верските чувства кои ги здобива во сенката на тоа дружење, и ја црпи од нив енергијата за срцето. Верникот е немоќен кога е препуштен на себе, но е силен кога е покрај своите браќа по вера. Во таа смисла Хасан ел-Басри рекол: „Нашите браќа по вера се поценети кај нас отколку нашите фамилии, бидејќи нашите фамилии нè потсетуваат на овој свет додека нашите браќа по вера нè потсетуваат на идниот свет.“

Ако оваа изолација потрае подолг период, тогаш остава траги на заладеност, отуѓеност, самотија кои можат да преминат по некое извесно време до избегнување на верскиот амбиент. Во тој случај срцето потемнува и се стврднува при допир со него, се гасне светлото на верувањето во него. Ова е само како

потврда и толкување за оние на кои им се случува овој феномен кога тие патуваат надвор или се оддалечуваат во други места за студии или работа.

## 2) Оддалечување од лице кое претставува практичен пример, модел за добро однесување:

Она лице кое учи кај некој побожен и добар човек кој поседува корисно знаење, полезни дела и силен иман и од него ги акумулира сите негови доблести: знаење, морал, карактер. Ако тоа лице еден период се оддалечи од него веднаш чувствува суровосот и тврдост во своето срце. Затоа, кога Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., се преселил на Ахирет, асхабите рекле: „Нашите срца се стврднале, изопачиле и расипале“. Значи нивните срца станале потиштени, осамени, немирни, тажни, диви.., затоа што нивниот воспитувач и учител и жив практичен модел на однесување, Пратеникот с.а.в.с., е отсутен од нив т.е., преселен е на Ахирет. Исто така, нивниот опис во тие мигови се спомнува и во едно предание како (изгубени) овци во зимска врнежлива ноќ. Свесен за ова, Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., оставил зад себе нед-

остижни генерции. Секој од нив е достоинствен за водење на хилафет, и едни за други беа практичен пример на врвно однесување и морално сорботување. За жал, денес, муслиманот има најголема потреба за побожна личност која би ја следел и би се восхитувал во нејзината близина.

## 3) Запоставеност во барањето на верско знаење:

Тоа се одразува преку прекинување на врската со книгите на нашите претходници и другите книги кои го оживуваат срцето. Сепак, постојат многубројни книги преку кои читателот го освежува срцето и го храни верувањето и сè што води кон негово зајакнување; најнапред да се спомне Аллаховата Книга - Куранот, хадиските збирки и мошне доволен број на книги од вистински исламски авторитети во полето на духовноста, советувањето, опоменувањето, кои успеваат дури и при раскажување на акаид да ги оживеат срцата како што се книгите на признатиот алим Ибн ел-Кајјим, Ибн Реџеб и други.

Имено, секое оддалечување од литературата од ваков вид и карактер и истовремено,

навлегување во читање само на идеолошки книги или книги кои расправаат за прописи без докази или книги за јазик и слично, несомнено влијаат понекогаш на стврднување на срцето. Ова не значи критикување на таков вид на книги дека тие се бескорисни, туку еден вид на напомена за оној кој свртел плеќи од верската литература како: книгите за тефсир или хадис, кои денес сосема малку муслиманите ги ценат и вреднуваат, иако таквите книги непосредно имаат улога во воспитување и градење на верската свест. Затоа, среќаваме муслиман кој кога чита „Сахихајн“[2] чувствува како да живее со Пратеникот с.а.в.с., во почетокот на исламот заедно со асхабите, и неговото верување расте кога ги прелистува страниците исполнети со животниот пат и поучните настани од нивното богато минато.

*Оние кои го следат хадисот*
*Тие се следбеници на Пратеникот*
*Иако не го виделе неговиот лик со очи*
*лично*
*Тоа за нивното верување не е многу битно*

[2] Збирките за хадиси од Бухари и Муслим.

Оваа причина, - а таа е запоставување на верската литература - повлекува зад себе трагични последици, особено за оние кои студираат студии кои немаат корелација со исламот како филозофија, психологија, социологија и други предмети кои се надвор од рамките на исламот. На исто ниво е и оној кој се заљубил и постојано се оддал само во читање на стрипови, љубовни приказни, романи, фантазија, секакви информации кои ги нудат дневните новини, списанија, изданија кои понекогаш го критикуваат исламот и не го претставуваат во неговото вистинско светло.

## 4) Престојување на муслиманот во расипана средина исполнета со расипани дела:

Во една таква расипана средина пред сè во областа на моралот и карактерот, често пати се слушаат разни извици: некој се гордее со своето злодело; друг извикнува со музички песни и мелодии; трет пуши; четврти шири порнографија; петти пцуе, клевети, проколнува.. додека појавата 'рекла-кажала”, озборување, пренесување на туѓи зборови со цел да се прекине односот на двајца браќа муслимани.. е појава чии размери се далекусежни.

Во некои средини не се зборува за ништо друго освен за овосветските задоволства, како што е состојбата на многуте дружења, седенки, муабети исклучиво само за: трговија, бизнис, пари, работа, инвестиции, кредит, жени, авантури, шетања и други разговори кои станаа главна преокупација и предмет на интерсирање кај општата маса на луѓе во нашето секојдневие. Што се однесува до состојбата во куќите (слободно изрази се) таа е грозно разочарувачка; не постои никаков поредок и хармонија во нив; преплавени се со развратни појави кои срцето на човекот неможе да ги поднесе; се слуша страсна музика; се гледаат расипани филмови, забранета помешаност на половите и др. Нема сомнеж дека ваквата средина село или град, набргу ќе пропадне, а во меѓувреме му нанесува на срцето разни болести.

## 5) Потонатост во искористување на дуњалукот:

До тој степен што човекот му станува негов роб и слуга. Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Проклет да е робот на динарите и робот на дирхемите.“* **(Бухари)**

Исто така рекол:

*„Доволно снабдување за еден од вас од дуњалукот му е колку износот на снабдувањето за еден патник.“* **(Ахмед, Сахихул-џами’, 2384)**

Значи, мошне малку и лесно за да би ја остварил својата намера.

Оваа појава во овие денешни времиња е доста видлива и особено изразита во време кога расте желбата за материјалноста и се зголемува апетитот за овосветските уживања. Луѓето почнаа да трагаат по трговски зделки, да го зголемуваат сопственото производство и меѓусебно да се натпреваруваат во пари и заработувачка. Овој феномен го потврдува хадисот кој го нагласил Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., кога рекол:

*„Навистина, Аллах рекол: „Ние го спуштивме богатството за клањање на намаз и давање на зекат. Ако човекот би имал една долина, би посакал да има друга, ако би имал две долини ќе посака да има трета; Не се полни стомакот на човекот со ништо освен со земја (прашина), потоа Аллах ќе му прости на оној кој бара покајување.“* **(Ахмед)**

### 6) Занесеност во богатство, жени и деца:

Возвишениот Аллах џ.ш., во Куранот вели: **„Знајте дека вашите имоти и вашите деца се искушение.“** (Ел-Енфал, 28)

Исто така, Аллах џ.ш. вели: **„На луѓето им се разубавуваат работите кои ги сакаат: жените, децата, ковчезите полни со злато и сребро, спремните коњи, добитокот и посевите. Ете, тоа е благодет на овој свет. А во близината Аллахова е најубавото престојувалиште!“** (Али Имран, 14)

Овој ајет покажува дека љубовта кон овие нешта, а во прв ред љубовта кон жените и децата ако ним им се даде предност над послушноста и покорноста кон Аллах и Неговиот пејгамбер с.а.в.с., тогаш, таквото дело е одвратно и покудено.

Меѓутоа, ако љубовта кон овие нешта биде на пропишан и верски дозволен начин кој помогнува во покорноста на Аллах џ.ш., тогаш, тоа дело е пофално и благородно. Во таа смисла, Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Влеана е љубов во мене од овој свет спрема: жените и мирисот, а најголема радост за моите очи е во намазот.“* **(Ахмед, сахих)**

Голем број на луѓе, следејќи ги стапките на жената паѓаат во забранети дела, додека други следејќи ги желбите на своите деца и трошејќи го времето со нив подзаборавaат на Аллаховите наредби. Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Детето е причина за жал, страв, незнаење и скржавење.“* **(Сахихул-џами’, 1990)**

Зборовите: *„Причина за жал“* бидејќи кога детето ќе се разболи, родителот се растажува а кога детето ќе побара од него нешто а тој не е во состојба да му удоволи, тој пак се ражалостува, исто така и кога ќе порасне и нема да биде послушно на своите родители тие ќе бидат разочарани и во постојан немир. Зборовите *„Причина за страв“* бидејќи кога родителот ќе посака да тргне да се бори на Алаховиот пат му доаѓа шејтанот и му вели: ти ќе се бориш и потоа ќе бидеш убиен и така твоите деца ќе останат изгубени сирачиња, и на тој начин човекот ќе се откаже од таа благородна намера. Зборовите *„Причина за незнаење“* бидејќи, таткото грижејќи се за да му

осигура попријатен живот за него, нема да најде време за барање на наука, присуствување на научни кругови и читање на книги. Зборовите *„Причина за скржавење“* бидејќи, кога човекот ќе посака да подели на Аллаховиот пат, шејтанот ќе го потсети за децата и тој ќе рече: Моите деца имаат поголемо право за богатството кое ќе им биде потребно после мене, и така ќе скржави од делење на Аллаховиот пат.

Со досега истакнатото не се има намера човекот да го избегнува бракот и репродукцијата (размножувањето) ниту се има цел напуштање на воспитувањето на децата. Туку се има за цел предупредување од слепо занесување со нив дури и до паѓање во забранети дела. Што се однесува до искушението на богатството, Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол:

*„Секој народ имал искушение, а искушението на Мојот уммет е богатството.“* **(Тирмизи, Сахихул-џами’, 2148)**

Алчноста кон богатството има поголема штета за верата од штетата на два гладни волци кога ќе го нападнат едно стадо со овци. Следниов хадис го потврдува тоа значење. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Двајца гладни волци да се пуштат во едно стадо овци нема да наштетат колку што може да наштети алчноста на човекот за богатство и углед во неговата вера.“* **(Тирмизи, Сахихул-џами’, 5620)**

Затоа, Пратеникот с.а.в.с., нѐ поттикнал на земање поука, а и Семоќниот Аллах џ.ш. вели: „**Навистина, во тоа има знаменија (поука) за народот кој размислува.“** Дури Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., забранил човекот целосно да се оддаде во трупање на богатство кое ќе биде причина за заборав во спомнување на името на Аллах џ.ш.. Тој рекол:

*„Доволно ти е од собирањето на богатство да имаш слуга и средство за јавање на Аллаховиот пат.“* **(Ахмед, Сахихул-џами, 2386)**

Исто така, Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., ги предупредил оние кои трупаат богатство, освен оние кои делат садака и рекол:

*„Тешко на оние кои трупаат богатства, освен оној кој го дели богатството вака, вака, вака, вака, на четири страни: од десна страна, од лева страна, од напред и од назад.“* **(Ибн Маџе, Сахихул-џами’, 7137)**

Односно во сите области на добродетелство, хуманост и солидарност.

## 7) Долги попусти надежи:

Возвишениот Аллах џ.ш. вели: „**Остави ги! Нека јадат, и нека уживаат, и нека ги мами надежта... па, наскоро ќе дознаат.“** (Ел-Хиџр, 3)

Имам Алија р.а., рекол: „Најповеќе што се плашам за вас е следење на страстите и надевање во долг живот. Следењето на страста спречува од вистината, додека, долгата надеж заборава на идниот свет.“

Во едно предание се наведуваат зборовите: „Четири работи се од несреќа: тврди очи, сурово срце, долга надеж и алчност кон овој свет.“ Како резултат на долгата надеж се појавува мрзеливоста во ибадет, потиснување на покајувањето, љубов кон овој свет, заборавање на идниот свет, суровост во срцето, бидејќи тоа се чисти и омекнува со потсетување на смртта, гробот, наградата, казната, стравотиите на Судниот ден како што вели Аллах џ.ш.: **„Помина подолго време и нивните срца стврднеа.“** Речено е: „Кој ја

скрати надежта т.е., попусто не се надева: ќе го намали очајот и ќе го расветли срцето, бидејќи кога ќе се потсети на смртта се ангажира во послушност..“ **(Фетхул-Бари)**

## 8) Претерување во јадење, спиење, непотребно зборување, бескорисни седенки...

Прекумерното јадење го оптоварува разумот, го отежнува телото од послушност на Семилосниот, ги храни каналите на шејтанот во човекот. Како што е речено: „Кој многу јаде, многу пие, многу и спие, но и многу добри дела губи.“

Претераното зборување го стврднува срцето, додека претераното мешање со луѓето го спречува човекот од пресметка на својата душа, осамување со неа и нејзино контролирање. Претераното смеење ја уништува енергијата на животот во срцето и потоа умира. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., во еден веродостоен хадис рекол:

*„Немојте претерано да се смеете, бидејќи претераното смеење го умртвува срцето.“* **(Ибн Маџе, Сахихул-џами’, 7435)**

Исто така и трошењето на времето надвор од послушноста на Возвишениот Аллах џ.ш., предизвикува скаменетост на срцето, на кое не му користат ниту куранските закани ниту советите на иманот.

Причините за слабоста на верувањето се многубројни, повеќе отколку што можат да се набројат, меѓутоа она што е спомнато во досегашното излагање е доволно самиот муслиман да го претпостави неспомнатото. Паметниот човек тоа сам го зебележува од својата душа. Да го замолиме Аллах џ.ш. да ни ги очисти нашите срца и нѐ сочува од злото на нашите души.

# ЛЕКУВАЊЕ НА СЛАБИОТ ИМАН

Пренесува Хаким во својата книга *Ел-Мустедрек* и Таберани во својата книга *Ел-Му'џем* од Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., дека рекол:

قَالَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ : إِنَّ الْإِيمَانَ لَيَخْلَقُ فِي جَوْفِ أَحَدِكُمْ كَمَا يَخْلَقُ الثَّوْبُ فَاسْأَلُوا اللَّهَ تَعَالَى أَنْ يُجَدِّدَ الْإِيمَانَ فِي قُلُوبِكُمْ . صححه الألباني في صحيح الجامع

*„Навистина, иманот се распаѓа (троши) во вашата внатрешност како што се распаѓа облеката. Затоа, молете го Аллах да го обнови вашиот иман во срцата ваши.“* **(Хасен)**

Тоа значи дека иманот застарува и загнилува во срцето како што застаруваат и стануваат трули алиштата кога ќе престарат и им помине рокот. Понекогаш, срцето на верникот го покрива облак од облаците на грево-

вите и на таков начин ќе го потемни. Оваа слика најдобро ни ја илустрирал Аллаховиот Пратеник во следниов хадис:

*„Нема срце од срцата а да не го покрива облак како облакот на месечината. Додека месечината свети, и кога ќе ја покрие облак таа затемнува, а кога ќе се тргне таа пак расветлува.“* **(Ебу Нујам, Силсиле, 2268)**

Месечината понекогаш, ја покрива облак и со тоа ја покрива нејзината светлина, и по некое извесно време облакот се поместува и така месечината повторно ја враќа својата светлина и сјај со кои свети во вселената. На таков начин и срцето понекогаш го покрива темниот облак поради гревовите, и со тоа му ја покрива неговата светлина (нур), и човекот ќе остане во темнина и осаменост. А кога верникот ќе се обиде да го зголеми својот иман и побара помош од Аллах џ.ш. - се тргнува тој облак и му се враќа светлината на срцето да свети како порано.

Како важна појдовна точка во запознавање на прашањето околу „Слабоста на иманот“ и изнаоѓање соодветен лек за неговото лечење секако е сознанието дека иманот се зголемува и намалува. Ова верување е од основните начела на верувањето на Ехлус-сунне вел-џемаа. Тие го дефинираат иманот како

феномен кој се изговара со јазик, верува со срце и применува во дело; се зголемува со добри дела (послушност) а се намалува со лоши дела (непослушност). Зад оваа констатација стојат многу докази од Божјата книга, Куран и суннетот на Мухаммед с.а.в.с., хадис. Еве неколку од нив: Аллаховите зборови: **„Да го зголемат своето верување покрај нивното верување.“** Како и зборовите: „**Кој од вас го зголемува ова верување (иман).“** Зборовите на Пратеникот, с.а.в.с.:

*„Кој од вас ќе види некое развратно дело, нека го спречи со рака, а ако не може со рака тогаш со јазик, а ако не може со јазик тогаш со своето срце, но тоа е најслаб иман (верување).“* **(Бухари)**

Влијанието на добрите и лошите дела врз верувањето - во неговото зголемување и намалување - е позната, очигледна и вкусена работа. На пример: Ако човек излезе во чаршија со цел да гледа разголени жени, да слуша пазарски лажни и безвредни муабети, потоа излезе во посета на гробишта, влезе во нив и размислува и му омекнува неговото срце, всушност тогаш ќе забележи видна разлика меѓу двете ситуации. Значи срцето се превртува и набрзо преминува од една во друга форма. Во тој поглед како израз на сфаќањето на ова

прашање се наведуваат зборовите на некои наши претходници (Ес-Селеф): „Од сфаќањето на верникот е да го контролира верувањето и од што се намалува. Од сфаќањето на верникот е да знае кога му се зголемува неговото верување или намалува? И од сфаќањето на верникот е да знае од која страна му доаѓаат шејтановите лука-вства (итрини) и измами? (**Ен-Нуније,** *од Ибн-ел-Кајјим*)

Во битните нешта кои треба муслиманот да ги познава спаѓа и познавањето и свеста дека намалувањето на иманот кога ќе премине до степен на напуштање на строгите обврски и правење на забраните, тоа е опасна и штетна појава за која човекот ќе биде понижен, и веднаш треба искрено да се покае кај Аллах џ.ш., и да започне со лечење на самиот себе. Во случај, ако таа малаксаност и пасивност не водат до запоставување на обврските и правење на забраните, туку само заостанува на пример во правење на некои доброволни дела, тогаш човекот треба да се преиспита самиот себе си, да постапува исправно и љубезно се додека ја поврати својата агилност, енергија и активност во ибадетот.

Ова можеме да го потврдиме со заклучокот произлезен од следниов хадис на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., кој вели:

*„За секое дело постои активност (живост) а за секоја активност постои малаксаност; а чија активност биде во служба на Мојот суннет, тој ќе биде спасен, а чија активност биде потрошена во нешто друго, тој ќе пропадне.“* **(Ахмед)**

Пред да започнеме со расправата врзана за лекувањето, неопходно е да споменеме една важна констатација, а тоа е што мнозина од луѓето кои чувствуваат тврдост и суровост во нивните срца бараат надворешно решение и лек со кој посакуваат да се потпрат на другите, иако се способни самите да ги излечат своите болни души. Секако, основата за лекување на слабото верување лежи во самиот верник, бидејќи верувањето е тесна врска помеѓу човекот и неговиот Господар.

Во понатамошниот текст следи спомнување на низа шеријатски мерки и средства кои му овозможуваат на муслиманот да ја излечи болеста „слабо верување“, да ја избрише тврдоста на своето срце со помош на Аллах џ.ш., и со вложување труд на тоа поле.

## 1) Размислување и читање на Чесниот Куран:

Кого го објавил Возвишениот Аллах џ.ш. како објаснение за секое нешто, светлина со која Возвишениот упатува кого сака од своите робови. Нема сомнение дека во него има голем лек и вистинско решение. Семоќниот Аллах џ.ш. вели: **„Од Куранот објавуваме она што претставува лек и милост за верниците.“** (Ел-Исра, 82) Имено, начинот на лекување со него е преку читање, анализирање и размислување.

Постојана пракса на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., била читањето и размислувањето на божјата книга Куран, негово набљудување при клањање во ноќ до тој степен што во една ноќ клањајќи намаз го повторувал еден курански ајет од божјата книга се до зори. Тие се зборовите на Аллах џ.ш.: **„Ако ги казниш, тие се Твои робови, а ако им простиш, Ти си навистина, Силен и Мудар!“** (Ел-Маида, 118)

Размислувањето околу Божјата книга од страна на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., достигнало голем степен. Пренесува Ибн Хиббан со добар синџир од Ата  кој рекол:

„Влегов заедно со Абдуллах ибн Умејр кај Аиша р.а. кој ја праша: Раскажи ни за најчудното нешто што си го видела кај Аллаховиот Пратеник? Таа заплаче и рече: Една ноќ стана да клања и ми рече: О Аиша! Остави ме да Му робувам на мојот Господар. Таа му рекла: Навистина, јас ја посакувам твојата блискост и она што тебе те радува. Аиша вели: Потоа стана, се исчисти и почна да клања намаз, и така продолжи да клања сè додека не му се намокри предниот дел, повторно плачеше сè додека не се намокри и земјата. Дојде Билал кај него да побара дозвола за да вика езан за намаз, но кога го виде како плаче рече: О, Аллахов пратенику, плачеш а Аллах џ.ш., ти ги простил сите гревови од минатото и од иднината. Пратеникот, с.а.в.с., одговорил*:* Зар да не бидам благодарен слуга. Оваа вечер ми се објавени неколку ајети; тешко на оној кој ги чита нив и не размислува околу нивното значење. „**Во создавањето на небесата и Земјата и во промената на денот и ноќта за надарените со разум, навистина, има знаменија, за оние кои го споменуваат Аллаха стоејќи, седејќи и лежејќи и кои размислуваат за создавањето на небесата и на земјата: Господару**

**наш, Ти ова не го создаде залудно...**“ (Али Имран, 190-191)[3]

Куранот ги содржи најважните елементи од исламската вера како: Тевхидот (исламски монетеизам), заканите, ветувањата, прописите, преданијата, приказните, правилата на однесување, моралните начела и нивно влијание врз човековата душа. Постојат некои курански сурињa (поглавја) кои внесуваат повеќе богоплашливост од други сурињa. На ова алудираат зборовите на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с.,:

*„Ме остареа пред старост сурето Худ и нејзините слични сурињa.“* **(сахих)** Во друго предание: *„Худ, Ел-Вакиа, Ел-Мурсалат, Амме јетес-аелун и Изаш-шемсу куввирет.“* **(Тирмизи, Силсиле, 955)**

Овие сурињa го остареле и му ја побелеле косата на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., поради нивната содржина која ги опфаќа вистините на верувањето и големите обврски и задолженија кои со својата тежина го наполниле срцето на Пратеникот, с.а.в.с., дури нивното влијание се одразило на неговата коса и тело. **„А ти истрај како што ти е**

[3] Сислиле-сахиха, 1/106

**наредено и кој се покае заедно со тебе.“** (Худ, 112)

Оваа традиција на читање, размислување и земање поука од куранските ајети постоела и кај асхабите на Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с. На пример: Ебу Бекр - Аллах нека биде задоволен со него - бил жалостив човек со нежно срце, кога клањал со луѓето како имам (предводник) и ги читал Аллаховите зборови, не можел да се воздржи од плачење. Омер ибн ел-Хаттаб се разболел еден месец кога поминал покрај една куќа и слушнал како некој човек ги учел куранските зборови: **„Навистина, казната на Твојот Господар ќе се случи, нема што да ја спречи.“** (Ет-Тур, 7-8) Размислил малку околу нивното значење и паднал во бесознание. *(**„Менакиб Омер“**, од Ибн ел-Џеузи)*

Осман ибн Аффан, р.а., рекол: „Ако се исчистат нашите срца, нема да се заситат од Аллаховите зборови.“ Бил убиен во состојба додека читал Куран, и неколку капки крв од неговото тело паднале врз куранскиот ајет: *„Фе се јекфијкехумуллаху“* - **„Аллах од нив ќе ве сочува“.** (Ел-Бекаре, 137)

Вакви и слични преданија од асхабите ги има во голем број низ страниците на исламската историја. Пренесува Ејуб дека го слушнал Сеид ибн Џубејр како го повторува над

дваесет пати овој ајет во намаз **„Плашете се од денот кога ќе бидете во него вратени кај Аллах“** (Ел-Бекара, 281) Тој е последен ајет објавен од Куранот, а неговиот последен дел завршува со зборовите: **„Потоа ќе полага сметка секоја душа, и нема да им се нанесе неправда.“**

Ибрахим ибн Бешшар рекол: „Али ибн ел-Фудејл умрел кога при читање на Куранот стигнал до овој ајет: **„Да ги видиш кога ќе застанат пред огнот, и ќе речат: Тешко нам, кога би биле вратени.“** (Ел-Ен’ам, 27) И бев меѓу оние кои му клањале џеназе - Аллах нека му се смилува -.

Асхабите, исто така, кога ги читале ајетите во кои се спомнува сеџда, имале посебни доживувања и случки. Една од нив е прикازната за човекот - Аллах нека му се смилува - кој кога ги читал Аллаховите зборови **„И паѓаат со челата свои, плачејќи, и Тој им ја зголемува стравопочитта.“** (Ел-Исра, 109) Направил сеџда, сеџда-тилаве,[4] потоа критикувајќи се себе си рекол: „Ова е сеџда а каде е плачот?“

Во најголемите размислувања и набљудувања на Куранот спаѓаат куранските примери,

---

[4] Сеџда-тилаве е онаа сеџда која се прави при читање на курански ајет кадешто се спомнува наредба за сеџда.

затоа што Возвишениот Аллах џ.ш. откако ни спомнал примери во Куранот нѐ поттикнал на нивно студирање, проучување, размислување и вели: **„Тие примери ги наведуваме за луѓето за да размислуваат.“** (Ел-Хашр, 21)

Еден од минатите побожни наши претходници во една прилика размислил за значењето на еден курански пример и не ја сфатил неговата суштина и почнал да плаче. Прашан е: Зошто плачеш? Одговорил: Возвишениот Аллах џ.ш. вели: **„Тие примери ги изнесуваме за луѓето, но не ги сфаќаат нив освен учените.“** (Ел-Анкебут, 43) А јас не го сфаќам примерот, значи не сум учен, па плачам за отсуството на знаењето во мене.“

Всушност, Возвишениот Аллах џ.ш., ни изнесол во Куранот многубројни примери. Еве некои од нив: примерот за оној кој запалил оган, примерот за оној кој е како животно кое не слуша, примерот на зрното од кое излегуваат седум класја, примерот на кучето кое го пружа својот јазик, примерот на магарето кое носи книги, примерот на мувата, пајакот, примерот на слепиот и глувиот, примерот на оној кој гледа и оној што слуша, примерот на прашината која ќе ја дувне ветер, примерот на доброто дрво и лошото дрво, примерот на водата спуштена од небо, примерот на ламба во која има светлина, примерот на здруже-

ните трговци и многу други примери. Нивната цел е читателот да се навраќа и да ги проучува тие ајети која се со таква содржина.

Алимот Ибн ел-Кајјим - Аллах нека му се смилува - накусо ги резимира обврските на муслиманот кои треба да ги преземе за да ја излечи суровоста на своето срце со Куранот па, вели: „За тоа постојат два главни фактори: првиот од нив е да го пренесеш твоето срце од просторот на дуњалукот и да го населиш во просторот на идниот свет, потоа целото го предадеш на значењата на Куранот и нивно расветлување, нивно проучување и размислување околу нивната суштина, земање на твојот дел од секој ајет и потоа да го прелиеш врз болеста на твоето срце. Ако на ваков начин го прелиеш ајетот врз болеста на твоето срце, тоа ќе оздрави со Аллахов изин.“

## 2) Чувствување на Аллаховата величина:

Ова се однесува на познавањето на Аллаховите својства и имиња, размислување околу нив и сфаќање на нивното значење, потоа всадување на ова чувство во срцето и од тука непосредно до другите телесни органи со цел

да го применат во практика она што го содржи срцето. Срцето е господар и управувач на сите други органи на телото, и неговата улога е слична на улогата на генералот во однос на своите војници; ако тое е исправно и здраво, сите други органи се исправни и здрави, и обратно.

Постојат многу цитати од божјата книга Куран и бројни изреки од Пратеникот Мухаммед, с.а.в.с., кои ја искажуваат величината на Аллах џ.ш., која ако муслиманот би ја проучувал ќе му се затресе срцето, неговата душа ќе се покори пред Возвишениот Аллах џ.ш., неговите органи ќе се стават во служба на Оној што сè знае и сè слуша и ќе ја зголеми страхопочитта кон Господарот на првите и последните поколенија. Аллаховите добри имиња и совршени својства најдобро ни ја потенцираат Неговата сеопфатна величина и големина. Тој е: Голем, Миројубив, Силен, Горд, Храбар, Владар, Величествен, Возвишен, Тој е Животворен кој никогаш не умира, додека џиновите и луѓето умираат, Тој има власт над своите робови, громот го слави на своевиден начин и мелеците, го познава скришниот поглед и она што се крие во градите, Своето универзално и широко знаење го опишал со зборовите: **„И само кај Него се клучевите на невидливиот свет. Него (невидливиот свет) никој не го знае освен**

**Него. Тој го знае и она што е на земја и она што е на копно и она што е во море. Не паѓа ниеден лист а Тој да не го знае; нема ни зрно во темнините на земјата, ни што било суво или влажно, а да не е внесено во Книгата јасна.“** (Ел-Ен’ам, 59) За неговата величина самиот нѐ известува со зборовите: **„А оние не го почитуваат Аллаха онолку колку што вистински треба да го почитуваат. Сета земја на Денот суден ќе биде во ракофат, а небесата ќе бидат свиткани во десната рака Негова. Славен нека е Тој! И високо е над она што Му го здружуваат.“** (Ез-Зумер, 67)

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Земјата на Судниот ден ќе биде во Аллахов ракофат, а небесата свиткани во Неговата десна рака, потоа ќе рече: Јас сум Владар, каде се владарите на земјата.“* **(Бухари)**

Душата на човекот трепери а срцето се тресе кога малку ќе ја анализира приказната за Муса а.с., кога рекол: **„Господару мој, покажи ми се да те видам“,** Аллах џ.ш. му возвратил: **„Не можеш да ме видиш никогаш! Но, погледни го ридот. Ако остане тука каде што е - ќе Ме видиш. И кога**

**неговиот Господар се појави на ридот, Тој го здроби ридот а Муса се онесвести.“** (Ел-Араф, 143) Кога Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., го прочитал овој ајет и покажал со својата рака *„Вака - потоа го ставил палецот на највисокоиот зглоб од малиот прст - потоа Пратеникот, с.а.в.с., рече: - Ридот се здроби.“* **(Тирмизи, сахих)**

Значи Аллах џ.ш., се појавил толку малку колку што покажал Пратеникот с.а.в.с., со малиот прст и ридот се распарчил.

*„Покриен е со светлина (нур), ако го открие, светлосните зраци на Неговото лице ќе изгорат сѐ до каде достигнува далечината на видот на неговите створенија.“* **(Муслим)**

Исто така, околу големината на Аллахова величината ќе ни послужи хадисот на Мухаммед, с.а.в.с., каде вели:

*„Кога Аллах ќе одреди некоја работа во небо, мелеците удираат со нивните крилја покорувајќи се на Неговите зборови како де се редица на камен. А кога ќе им се отргне стравот од нивните срца прашуваат: Што рече вашиот Господар? Му одговораат на оној што прашал: Вистина! А тој е Голем и Величествен.”* **(Бухари)**

Спомнавме дека постојат многубројни верски текстови околу оваа тематика. Главна цел од нивното изнесување при овој прилог е чувствување на Аллаховата величина со нивно проучување и посматрање, воедно запознавањето на Аллаховата величина и големина претставува најкорисен фактор во лечење на болеста „Слаб Иман“. Алимот Ибн ел-Кајјим - Аллах нека му се смилува - ја опишува Аллаховата величина на најсовршен и наједноставен начин, и вели: „Возвишениот Аллах, управува со делата на неговите створенија, наредува, забранува, создава, снабдува, зема душа и дава, воздигнува, понижува, ги променува денот и ноќта, ги размenува деновите меѓу луѓето, ги распаѓа државите; една ја распаѓа друга ја воздигнува, Неговата власт и наредба е извршна во небесата и нивниот хоризонт, во земјата и нејзините страни, во море и копно, Неговото знаење ги опфаќа сите нешта и набројува сите работи, Неговиот слух ги слуша сите гласови и не му се помешуваат едни со други, го слуша извикот на сите створенија и на сите јазици, без да се збуни, не му пречат разните молби, не се онерасположува при повикот на оние кои имаат потреба, Неговиот поглед ги опфаќа сите видни нешта, го гледа ползењето на црната мравка врз тврдиот камен во тем-

ната ноќ, невидливоста за него е видливост, тајната јавност **„Сѐ што е на небесата и земјата Нему се моли. Секој ден Тој внимава на сѐ.“** (Ер-Рахман, 29) простува грев, оттргнува гајле, открива несреќа, го сиромаши богатиот, го збогатува сиромавиот, го упатува залутаниот, го води изгубениот, го помага розачараниот, го храни гладниот, го облекува голиот, го лечи болниот, го оздравува искушеникот, го прима каењето на покајникот, го наградува доброчинителот, го потпомага оштетениот, го покрива срамното дело, го смирува стресот, ги подига некои луѓе а ги понижува другите. Ако сите негови створенија на небесата и земјата, и првото створение и последното, и луѓето и џиновите - бидат на срцето на најпобожниот човек од вас; нема да му зголеми ништо во Неговата власт. Ако сите негови створенија на небеста и земјата, првото створение и последното, луѓето и џиновите - бидат на срцето на најгрешниот човек од вас; нема да му намали тоа ништо во Неговата власт.

Ако сите негови створенија на небеста и земјата, првото створение и последното, луѓето и џиновите, живите и мртвите, свежото и сувото, застанат на едно место и го замолат и Тој им даде на секој од нив она што го молеле - нема да се намали од Неговата ризница ниту колку ситно зрно. Тој е прв пред кој нема

ништо друго, Последен после кој нема друг, Надворешен кој над Него нема ништо, Внатрешен под кого нема ништо, Славен и Возвишен кој е Најзаслужен за спомнување, Најдостоинствен за обожување, Најпрв за искажување благодарност, Најмилостив во владеење, Најдарежлив при молење. Тој е Владар кој нема придружник, Единствен кој нема содругар, Создател кој нема дете, Возвишен кој нема сличен, секое створение ќе пропадне освен Неговото лице, секоја власт ќе исчезне освен Неговата власт, Не се искажува послушност освен со Негова дозвола, не се скршнува од Неговата вера освен со Негово знаење, кога се обожава, наградува, кога грешат спрема Него им простува, секоја Негова одмазда е правдина, секој Негов благодет е подарок, најблизок Сведок, најсигурен Чувар, управува со секое нешто и ги забележува неговите траги, ги одредил еџелите, срцата кај Него се сместуваат, тајната кај него е откриеност, Неговиот дар е збор, Неговата казна е збор: **„Навистина, неговата наредба кога ќе посака нешто да биде, само ќе рече: Биди - и тоа ќе биде.“** (Јасин, 82)

## 3) Барање на верско знаење:

Тоа е она стекнато знаење кое води кон богоплашивост, зголемување на верувањето во Него како што тоа го нагласува самиот Аллах џ.ш.: **„Навистина, само учените робови од Аллах се плашат.“** (Фатир, 28)

Не се поистоветуваат оние кои знаат и оние кои не знаат, тогаш како ќе се изедначат оној кој ги знае шеријатските прописи, значењето на шехадетот и сѐ што дотичниот го бара, се што ќе се случи после смртта од искушението во гробот, стравотиите во махшер, состојбите на идниот свет, уживањата во џеннет, казните во џехеннем, мудроста на шеријатот за прописите на халал и харам, деталностите од биографијата на животот на Мухаммед, с.а.в.с., и други области од науката - Како може да се изедначат во верување овој и незнајкото за верата и нејзините прописи и сѐ што донесол шеријатот од невидливите нешта. Незнајкото во верата е само слеп имитатор и следбеник на другите луѓе во верските прописи без разликување на доброто од злото. **„Дали се исти оние кои знаат и оние кои не знаат.“** (Ез-Зумер, 9)

## 4) Присуство во халките (круговите) на Зикр:

Земање учество во меџлисите каде се спомнува името на Аллах џ.ш., и се изучува Неговота вера спаѓа во важните фактори во зајакнување на иманот, поради бројни причини, како на пример: награда од спомнување на името на Возвишениот Аллах џ.ш., прекривање со божјата милост, спуштање на спокој, присуство на мелеците околу спомнувачите, потоа спомнување од страна на Аллах џ.ш., во подобар круг и Неговото гордеење со нив пред мелеците, опрост на нивните гревови како што сето ова се наведува во веродостојни хадиси.

Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Секоја група која седне да го спомнува Аллаха, ќе ги опкружат мелеците, ќе ги покрие милоста, ќе им се спушти спокој и Тој ќе ги спомне кај Него.“* **(Муслим)**

Сехл ибн Абдуллах - Нека Аллах биде задоволен од него - вели дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Нема да се собере еден народ за спомнување (зикр) и потоа се разделат а да не им се рече: Станете вам ви е простено.“* **(Сахихул-џами’ 5507)**

Алимот Ибн Хаџер - Нека Аллах му се смилува - вели: „Се изговара *зикруллах* (спомнување на Аллах) а се намерава истрајност во вршење на добри дела кои ги задолжил или ги поттикнал како: читање на Куран, изучување на Хадис и барање на знаење.“ Како доказ за тоа дека меџлисите на зикр го зајакнуваат иманот ќе ни послужи следниов хадис кој го пренесува имам Муслим од Ханзала ел-Еседиј кој вели:

„Ме сретна Ебу Бекр и ме праша: - Како си О, Ханзала!? Реков: - Ханзала е лицемер!

Рече: Субханаллах!!! (Славен да е Аллах!) Што зборуваш? Одговорив: Кога сме кај Аллаховиот Пратеник и тој нѐ потсетува за џехеннемот и џеннетот, дури како да ги гледаме пред наши очи, но кога ќе излеземе од кај Пратеникот с.а.в.с., се забавуваме со нашите жени, деца, работни задачи и повеќето од тоа го забораваме.

Тогаш Ебу Бекр рече: - Се колнам во Аллах, и ние со истото се соочуваме! Потоа, се упативме јас и Ебу Бекр се додека влеговме кај Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., и му реков: Ханзала станал лицемер, Аллахов Пратенику! Пратеникот с.а.в.с., праша: Како тоа? Реков: О, Ресулуллах, кога сме кај тебе и нѐ потсетуваш на џеннет и џехеннем, дури како да

ги гледаме пред нас, но кога ќе излеземе од кај Тебе се забавуваме со нашите жени, деца, работни задачи и повеќето го заборавамe. Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рече: *„Се колнам во Оној во чии раце е мојот живот, ако вие сте постојано во иста состојба како и кај мене во сеќавање, ќе ве поздравуваат мелеки на вашата постела и патишта, меѓутоа О, Ханзала, полека, полека.“* (три пати) (**Муслим, 2750**)

Асхабите на Пратеникот, с.а.в.с., - Нека Аллах биде задоволен со нив - ја познавале вредноста на меџлисите за зикр. Затоа секогаш настојувале да земаат учество во таквите кругови, дури таквите меџлиси ги нарекувале „Иман“ (верување). Асхабот Муаз - Нека Аллах биде задоволен од него - му рекол на еден друг асхаб: *„Седни со нас, да веруваме за момент.“* **(сахих)**

## 5) Зголеменост на правење добри дела и исполнување на празното време со нив:

Овој фактор се смета за еден од најважните причини за лекување на слабото верување. Тоа е важен чекор со видливо влијание

во процесот на зајакнување на иманот. Асхабот Ебу Бекр ес-Сиддик за оваа констатација дал прекрасен пример кога ги прашал Аллаховиот Пратеник своите асхаби:

„Кој од вас денес се разденил како постач? Ебу Бекр рече: Јас. Пратеникот: Кој од вас денес следел џеназе? Ебу Бекр: Јас. Пак прашал: Кој од вас денес нахранил сиромав? Ебу Бекр одговорил: Јас. Пак Пратеникот: Кој од вас денес посетил болен? Ебу Бекр пак: Јас. Тогаш, Пратеникот с.а.в.с., рекол: *„Во кого ќе се соберат овие особини ќе влезе во џеннет.“* **(Муслим)**

Од овој впечатлив пример се гледа како асхабот Ебу Бекр р.а. а подоцна и халифа на муслиманите бил делотворен во искористување на можните добри прилики и грижлив за разновидноста во ибадетите. Затоа, кога беше упатено прашање од Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., ненадејно се откри вистината дека деновите на Ебу Бекр р.а. биле носители на добри дела.

На оваа тема се пренесуваат бројни преданија како минатите претходници (Ес-Селеф) настојувале да го зголемат багажот со добри дела, а воедно и да го исполнат времето со нив. Како пример за тоа е изреката што се ширела меѓу група на побожни луѓе од мина-

тите генерации како Хаммад ибн Селеме. Имам Абдуррахман ибн Мехди за него рекол: „Ако му се рече на Хаммад ибн Селеме: Утре ќе умреш, не ќе биде во состојба да зголеми нешто од добрите дела.“ **(Сијер Аламаул-Нубела)**

Што се однесува до прашањето за добрите дела, муслиманот треба да се погрижи за некои работи:

- *Натпревар во поскоро извршување на добрите дела:*

Поради зборовите на Возвишениот Аллах џ.ш.: **„И побрзајте кон прошката од Господарот ваш и кон Џеннетот кој се простира колку небесата и земјата – подготвен за богобојазливите.“** (Али Имран, 133) И зборовите: **„И натпреварувајте се кон прошката од Господарот ваш чие пространство е колку пространствата на небото и земјата**.“ (Ел-Хадид, 21)

Значењето на кои алудираат овие ајети беше мотив и поттик за забрзување во правење на добри дела кај асхабите на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с.,.

Пренесува имам Муслим во својата збирка на хадиси „Сахихул-Муслим“ од Енес ибн Малик кој раскажува за настанот во денот на битката на Бедр дека Пратеникот с.а.в.с., рекол*: „Станете кон Џеннетот чие пространство се небесата и земјата!* Умејр ибн ел-Хамам ел-Енсари рекол: „О, Аллахов Пратенику, Џеннет чие пространство се небесата и земјата.“ Пратеникот рекол: Да! Умејр извикнал: Блазе, блазе!! Пратеникот с.а.в.с., го запраша: Што те натера на тие зборови: Блазе, блазе?! Умејр одговорил: *„Се колнам во Аллах, О, Ресулуллах! Не го реков тоа освен со надеж да бидам еден од неговите жители (на џеннет).“* Пратеникот рече: *„Ти си од нив.”* Потоа Умејр извади неколку умри и почнал да ги јаде, а потоа рекол: *„Зарем ќе живеам толку да ги изедам овие урми? Тоа е долг живот за мене!”* Потоа ги фрлил, станал, војувал сè додека паднал како шехид.“ (**Муслим, 1901**)

Уште одамна Муса, а.с., брзал да го сретне својот Господар: **„...а побрзав кон Тебе, Господару мој, за да бидеш задоволен.“** (Та-ха, 84) Фалејќи го Зекирија, а.с., и неговата фамилија Возвишениот рекол: **„...Тие се труделе што повеќе дела да прават и Нè молеа во надеж и страв, и кон Нас беа понизни.“** (Ел-Енбија, 90)

Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, рекол:

*„Нема брзање освен во работата за Ахирет.“* **(Сахихул-џами’, 3009)** А во друго предание стои*: „Нема брзање освен во добро.“* (**Ебу Давуд, сахих**)

- *Постојаност во правење на добри дела:*

Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., ги пренесува зборовите на својот Господар дека рекол:

*„И нема да продолжува мојот роб да Ми се приближува со доброволни дела (нафиле) сѐ додека го засакам.“* **(Бухари, 6137)**

Зборовите (Нема да продолжува) означуваат: продолжение, постојаност, континуираност, константност, перманентност). Исто така, Пратеникот с.а.в.с., рекол: *„Правете едно подруго (наизменично) хаџџ и умра.“* **(Тирмизи, Силсиле, 1200)**

Правење на дело едно по друго (Ел-Мутабеа - следење) значи истрајност и постојаност.

Ова начело е од огромна важност за зајакнување на иманот и пропрека за душата на човекот да се оддаде на пасивност и рамнодушност. Она што е малку но е трајно подобро е од она што е многу но е испрекинато.

Имено, истрајноста и постојаноста во правење на добрите дела е предуслов за зајакнување на верувањето. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., е прашан: „Кои дела се најсакани кај Возвишениот Аллах?“ Одговорил:

*„Оние кои се постојани па дури и да се малку.“* **(Бухари)**

И самиот Пратеник, с.а.в.с., кога правел некое дело го правел цврсто т.е. постојано и уверливо. **(Муслим)**

- *Вложување труд во правење на добри дела:*

Лекот за суровоста на срцето не смее да биде лек со привремено или ограничено траење; едно време иманот во него да се подобрува, потоа повторно да се враќа во првобитната болна состојба. Напротив, лекот треба да биде долгорочен и траен за сочувување на иманот. Ова не може да се оствари освен

со вложување на труд и мака во извршување на верските ибадети.

Семоќниот Аллах џ.ш. спомнал во својата книга неколку форми на вложување труд во ибадет од некои негови понизни робови и миленици. Еве некои од нив: **„Навистина, веруваат во Нашите знаменија оние кога ќе се потсетат на нив паѓаат на сеџде, и го величаат со благодарност нивниот Господар без да се надуваат. Страните нивни од постела се накривуваат, повикувајќи го Господарот свој од страв и од желба, и кои делат од ризкот Наш што им го дадовме.“** (Ес-Сеџда, 15-16) Исто така, Аллах џ.ш., вели: „**Многу малку од ноќта подлегнувале, а во темнината од ноќта барале прошка. Во нивните богатства има прво за питачот и бедниот.“** (Ез-Заријат, 17-19)

Ако направиме еден краток осврт околу состојбите на минатите, претходни генерации на исламот и нивните совршени својства на побожници - ќе предизвика восхит и пример на следење. Еве неколку особини и форми на ибадет од нивниот живот: Секој ден по некој извадок од Куран го завршувале со читање, ноќите ги проведувале во ибадет, дури и во ноќите кога утредента војувале го спомнувале и величале Аллах џ.ш., дури и во

затвор подредени во редови течејќи им солзи низ нивните лица размислувале за створенијата на Аллах џ.ш.. Некој од нив ја забавувал жената и ја нишал како што мајката го ниша малото дете, и кога ќе се уверил дека се успала, станувал од постела и клањал ноќен намаз; ноќта ја делеле за себе и за своите фамилии, додека денот го проведувале во постење, учење, проучување, следење на џеназиња, посетување на болни, извршување на некои потреби на луѓето; на некој од нив му поминувале години без да го испушти почетниот текбир (Ифтитахи-текбир) со имам во џемат; нивните срца биле врзани за џамија чекајќи од намаз до намаз. Некој од нив со години се грижел за бедната фамилија на братот муслиман по неговата смрт. Кај кого е ваква состојбата, секако неговиот иман е во постојан подем.

- *<u>Не заморување на душата:</u>*

Не е цел од постојаното извршување на ибадетите или вложување труд во нив доведување на душата во состојба на здодевност и замор, туку целта е непрекинување на врската со ибадет. Рамнотежата меѓу двете нешта се остварува на начин кога муслиманот ги извршува ибадетите врз основа на неговата способност и можност, се ангажира кога

чувствува дека неговата душа е расположена за тоа а подзастанува кога е растреперена. Оваа констатација ја потврдуваат многубројните хадиси.

Од нив и хадисот на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с.*:*

*„Навистина, верата е лесна, и секој кој ја отежнува верата ќе биде совладан. Исправно постапувајте и приближувајте!“* **(Бухари)** Во друго предание стои: *„Умереност, со умереност ќе постигнете.“* **(Бухари)**

Имам Бухари поставил посебно поглавје во својата книга „Сахихул-Бухари“ под наслов: (Поглавје: Што е непожелно од претерување во ибадет). Енес р.а. рекол:

„Влегол Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., и здогледал едно пружено јаже меѓу два столба и прашал: Што е ова јаже? Рекле: Ова јаже и припаѓа на Зејнеб. Кога таа ќе се уморила во ибадет (намаз) ќе се фатела за тоа јаже. Тогаш, Пратеникот с.а.в.с., рекол: *„Тргнете го! Нека клања секој од вас додека е активен (одморен), а кога ќе се измори нека седне!“* **(Бухари)**

Исто така, кога дознал Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., дека асхабот Абдуллах ибн Амр ибн Ас, р.а., по цела ноќ клања и секојдневно пости му забранил да прави така, и му ја објаснил причината за тоа:

*„Ако ти така продолжиш да постапуваш, ќе го ослабиш видот и ќе ја пропастиш душата!!“* **(Бухари)**

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Правете онолку дела колку што можете да поднесете, бидејќи Возвишениот Аллах не се заморува сѐ додека вие не се заморите. Најсакани дела кај Аллах џ.ш. се постојаните па дури и да се малку.“* **(Бухари)**

- *Надоместување на пропуштените дела:*

Пренесува Омер ибн ел-Хаттаб р.а., дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Кој преспие од неговиот хизб (дел од Куранот) од ноќта или на дел од него и потоа го прочита во времето меѓу намазот на сабах и пладне, му се пишува како да го прочитал преку ноќ.“* **(Муслим)**

Се пренесува од Аиша р.а., дека рекла:

*„Кога Пратеникот, с.а.в.с., клањал некој намаз постојано го извршувал, а кога му избегнувал ноќниот намаз поради голема соница или поради болест, клањал дванаесет рекати преку ден (како надомест за пропуштеното).“* **(Муслим)**

Кога Умму Селеме р.а., го видела како клања два рекати после икиндија го запрашала за тоа. Пратеникот с.а.в.с., и одговорил со следниве зборови:

*„О ќерко на Еби Умејје, прашуваш за двата рекати после икиндија. Ми дојде една група од племето Абдул-Кајс, и ми го одзедоа времето од двата рекати после пладне, па тие се овие два рекати.“* **(Бухари)** Исто така, ако ги испуштил четирите рекати пред пладне, ги клањал после пладне. **(Тирмизи)**

Овие хадиси нè упатуваат на надоместување на пропуштените потврдени суннети. Познатиот алим Ибн-ул Кајјим ел-Џевзи - Нека Аллах му се смилува - спомнува три образложенија околу постот на Пратеникот с.а.в.с., во месецот Шабан кого најповеќе го постел за разлика од другите месеци, првото образложение:

*„Тој постел три дена од секој месец, но можеби во некој месец ги испуштил, па така ги собирал во месецот Шабан за да ги надомести пред да влезе во задолжителниот пост - месецот Рамазан.“* **(Техзиб сунен Еби Давуд)**

Од праксата на Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., била и затворање во ‘итикаф[5] во последните десет дена од Рамазан, бидејќи еднаш го пропуштил ‘иткафот поради патување, се затворил во ‘итикаф следната година дваесет дена. **(Фетхул-Бари)**

▫ *Надеж во примање на делата со страв од непримање:*

После извршување на делата, треба да се има страв од евентуално непримање на иститe на доброчинителот. Се пренесува дека Аиша р.а. рекла:

„Го прашав Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., за следниов ајет: **„Оние кои доаѓаат со дела додека нивните срца треперат.“[6]** Аиша

[5] ‘Итикаф значи затворање во џамија во посебна форма при крајот на рамазан заради ибадет.
[6] Ел-Муминун, 60

праша: Дали се тие оние кои пијат алкохол и крадат? Пратеникот с.а.в.с., рекол: *„Не, о ќерко Сиддикова! Тие се оние кои постат, клањат и делат и пак се плашат да не им бидат примени од нив. Тие се оние кои се натпреваруваат во правење на добри дела.“* **(Тирмизи, Силсиле, 1/162)**

Ебу Дерда р.а. вели: „Да сум сигурен дека Аллах џ.ш., ми примил еден намаз, тоа ќе ми биде помило кај мене од целиот свет и сѐ што е на него, бидејќи Возвишениот Аллах вели: **„Навистина Аллах прима само од богобојазливите.“[7]** *(Тефсир Ибн Кесир 3/67)*

Една од особините на правите верници е понижување на душата пред обврските на Семоќниот Аллах џ.ш. Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

لو أنَّ رجلًا يُجَرُّ على وجهِه من يومِ وُلِدَ إلى يومِ يموتُ هرَمًا في مَرْضاةِ اللهِ تعالى لحقَّرَه يومَ القيامَةِ

*„Ако човекот ползи на своето лице од денот кога е роден[8] па сѐ додека умре остарувајќи во постигнување на Аллаховото задо-*

---

[7] Ел-Маида, 27.

[8] Значи ако човекот сиот живот го помине на сеџда, пак на Судниот ден тоа ќе го смета за малку и недоволно поради бројните Аллахови благодати.

*волство, и тоа ќе му се стори малку на Судниот ден“.* **(Ахмед, Сахихул-џами’, 5249)**

Оној кој го спознае Аллах џ.ш. и ја спознае својата личност, ќе му се разјасни фактот дека сите негови дела нема да му бидат доволни дури и да дојде со делата на луѓето и џиновите, бидејќи Возвишениот Аллах ги прима делата со Неговата благородност, дарежливост, вредност, како што истовремено го наградува за делата со Неговата солидарност, љубов, милост и љубезност.

### 6) Разноликост на ибадетите:

Една од рефлексиите на Аллаховата милост и мудрост е тоа што дал разни форми и модели на ибадети. Некој од нив е телесен ибадет како што е намазот, некој друг ибадет е материјален како што е зекатот, некој од нив ги содржи двете компоненти (телесен и материјален) како што е хаџџот, некој ибадет се извршува со јазик како што се: зикр, дова.

Можно е еден ибадет да содржи: фарзови, суннети, мустехаби. Некои од фарзовите се расчленуваат, исто така и суннетите како на пример потврдените дневни суннети кои вкупно изнесуваат дванаесет рекати. Другите суннети не се толку значителни како: чети-

рите рекати пред икиндија, намазот на духа. Некои други доброволни намази се повредни од други како кијамул-лејл (ноќниот намаз) кој има бројни форми како два по два рекати или четири па четири па витре, некои од нив пет или седум или девет рекати со еден тешеххуд.

Секој кој фрли поглед врз ибадетите ќе ја забележи големата разновидност и разлика на ибадетите во број, време, форма, опис и прописи. Најверојатно мудроста на оваа различност е да не дозволи душата на човекот да падне во монотонија и здодевност, туку напротив постојано да биде во живост и агилност. Потоа, сите души не се на исто ниво во способност и привлечност. Некои души уживаат во извршување на некои ибадети за разлика од други души. Славен да е Возвишениот Аллах џ.ш., кој ги создаде вратите во џеннетот врз основа на степените на ибадетите како што се наведува во хадисот на Ебу Хурејре р.а. дека Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Кој подели динари и дирхеми на Аллаховиот пат ќе биде повикан од вратите на Џеннетот: Ова ти е најдобро; кој ќе биде од клањачите на намаз, ќе биде повикан од вратата на намазот; кој ќе биде од борците*

*на Аллаховиот пат, ќе биде повикан од вратата на џихадот; кој ќе биде од постачите на Рамазан, ќе биде повикан од вратата ер-Рејјан; кој ќе биде од оние кои делеле садака, ќе биде повикан од вратата на садаката.“* **(Бухари)**

Под извршителите на гореспоменатите дела се мисли на доброволните дела во сите ибадети, додека задолжните ибадети се обврска за сите поедници без исключок. Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Родителот е најширока (средишна) врата од вратите на џеннет.“* **(Тирмизи, Сахихул-џами’, 7145)** односно послушноста спрема родителите е причина за влез во џеннет.

Разновидноста на ибадетите може да ни послужи во зајакнување на верувањето како и во правење на бројни ибадети кон кои тежи човековата душа со истовремено извршување на строгите фарзови и обврски кои ги пропишал Аллах џ.ш. Покрај оваа полза која може да се извлече од разновидноста на ибадетите, исто така кога муслиманот ќе ги запознае текстовите за некои ибадети, тие како такви ќе имаат посебен одраз и влијание врз неговата душа. Еве два такви примера:

❖ Пренесува Ебу Зерр р.а., од Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., дека рекол:

*„Тројца ги сака Аллах, а други тројца ги мрази. Првите тројца кои Аллах ги сака се: човек кој биде фрлен на страната на непријателот за да ја отвори капијата од тврдината и тој или бива убиен или им ја отвора капијата, луѓе кои патуваат долго време и посакаат да пренoќат во една земја, и така тие ќе се спуштат во неа, и некој од нив се тргне настрана за да би клањал со цел да ги разбуди за да заминат и човек кој има лош комшија кој со неговата близина го вознемирува а тој е трпелив на неговите злодела сè додека се разделат поради смрт или отпатување.“* **(Ахмед, Сахихил-џами’)**

❖ Дошол еден човек кај Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., да се жали за суровоста и тврдоста на неговото срце. Пратеникот а.с., му одговорил:

*„Дали посакуваш да ти омекне твоето срце и да го оствариш она што го посакуваш?, Биди милосрден спрема сирачето, милувај го по глава, нахрани го со храна, ќе ти омекне срцето и ќе го постигнеш она што го посакуваш!“* **(Таберани, Силсиле)**

Ова е очигледен доказ за предметот на лечење на слабоста на иманот.

## 7) Страв од лош краен животен исход:

Стравот од лоша завршница го поттикнува верникот на добри дела и обновување на својот иман во срцето, додека лошата завршница е поради бројни причини како: слабо верување и паднатост во гревови. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., за тоа спомнал многу форми. Ова ќе ни го потврдат следниве негови зборови:

*„Кој се самоубие со железен предмет, железниот предмет ќе му биде во раце, со него ќе се удира по својот стомак во џехеннемскиот оган, вечно во него засекогаш; кој пие отров и со тоа се самоубие, тој ќе го пие и ќе се труе со него во џехеннемскиот оган вечно во него засекогаш.“* **(Муслим)**

Во времето на Пратеникот, с.а.в.с., се случиле многу настани од ваков вид. Еден од нив е случајот кога еден човек кој војувал во редовите на муслиманската војска се борел против неверниците на неспоредливо храбар

начин. Асхабите биле зачудени од неговото јунаштво. Меѓутоа, Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., за него рекол:

*„Тој е еден од жителите на џехеннем.“*

Затоа еден друг муслиман го следел се додека во една битка човекот бил тешко ранет и тој самиот си ја забрзал смртта одземајќи го својот живот ставајќи го својот меч меѓу своите гради и се потпрел врз него и се самоубил. **(Бухари)**

Состојбата на луѓето со лоша крајна завршница е многубројна, научниците имаа забележано неколку од нив. Еден од нив е исламскиот теолог Ибн ел-Кајјим - Нека Аллах му се смилува - кој спомнал многу примери во својата книга ***“Ед-Да’а вед-Дева”*** Еве некои од нив: Речено му е на некој при смртниот час, речи: Ла илахе иллаллах, рекол: Не можам да го изговорам. На некој друг истото му е речено да рече: Ла илахе иллаллах, а тој почнал да пее музички песни. На еден трговец кого трговијата го спречила од верските обврски му е речено, речи: Ла илахе иллаллах, а тој почнал да вика: Оваа е нов модел! ова е многу ефтино, ова е многу квалитетно, сè додека умрел. Се пренесува дека некој од војниците на кралот Насир кога му

се приближила смртта, неговиот син му рекол: Речи: Ла илахе иллаллах. Таткото одговорил: Насир е мојот Господар, синот пак повторил, човекот пак рекол: Насир е мојот Господар, Насир е мојот Господар сѐ додека умрел. На друг му е речено, речи: Ла илахе иллаллах, тој почнал да вика: куќата на филан човек поправете ја, градината на човекот обработете ја вака и вака. На човек кој се занимавал со камата му било речено, речи: Ла илахе иллаллах, тој почнал да вика десет за единаесет и така повторувал се додека умрел. **(Тарикул-Хиџретејн)**

Некој друг при смртниот час му потемнувала бојата и ќе се свртел од страната на кибле на друга страна. Алимот Ибн ел-Џевзи -Нека Аллах му се смилува- вели: „Слушнав нешто за еден мој познаник за кого мислев добро, како во ноќта во која се преселил на оној свет викал: „Мојот Господар, Аллах ми нанесол неправда.“ Го оптужувал Аллах џ.ш. за неправда додека лежел на смртната постела. Ибн ел-Џевзи потоа вели: „Постојано стравувам загрижено да постигнам многу добри дела со кои ќе го дочекам тој ден.“

* * *

*

Славен да е Аллах!! Колку вакви и слични поучни примери има за луѓето?! А колку други бројни примери кои раскажуваат за состојбата на луѓето при смртниот час се непознати и недостигнати до нас?!

## 8) Почесто сеќавање на смртта:

Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Честопати спомнувајте го прекинувачот на уживањата, значи смртта.“* **(Тирмизи, Сахихул-џами’, 1210)**

Сеќавањето на смртта го спречува човекот од правење на гревови и го омекнува тврдото срце. Секој кој ќе се потсети на смрта при мака на животот, ќе го ослободи од неа; секој кој ќе ја спомне при добра состојба, таа ќе му отежне.

Најповеќе што потсетува на смртта е посета на гробиштата. Затоа Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., наредил на нивно често посетување со зборовите:

*„Ви забранив да ги посетувате гробиштата, а отсега посетувајте ги, бидејќи таа (посетата) го омекнува срцето, расп-*

*лакува окото, потсетува на идниот свет...“* **(Хаким, Сахихул-џами’, 4584)**

Му се дозволува на муслиманот да ги посетува дури и немуслиманските гробишта со намера да земе поука. Доказ за ова е веродостојниот хадис каде се бележи дека Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., го посетил гробот на својата покојна мајка, и заплакал над него, а и другите присутни ги расплакал и рекол:

*„Побарав дозвола од Мојот Господар да барам опрост за неа, не ми дозволи, потоа побарав дозвола да го посетам нејзиниот гроб, ми дозволи; посетувајте ги гробовите, бидејќи тие потсетуваат на идниот свет.“* **(Муслим)**

Посетувањето на гробишта претставува едно најефикасните средства за омекнување на срцата, истовремено посетувачот се користи од сеќавањето на смртта, како и присутните умрени се користат од неговата дова за нив. Од праксата на Мухаммед с.а.в.с., при посета на гробишта се наведуваат зборовите:

(Ес-Селаму алејкум Ехлед-Дијар - *Мир и спас нека биде врз вас о жители на овие куќи од верници и муслимани, Аллах нека им се смилува на претходните и сегашните од нас*

*и ние - иншаалах (Ако Аллах сака) - ќе ви се приклучиме.“* **(Муслим)**

Потребно е за оној кој одлучи за посета на гробишта да се придржува за некои правила, да биде неговото срце свесно за посетата, да намерава со тоа дело Аллахова награда, поправање на лошите дела, да земе поука од оние кои се по земја и кои се откинати од својата фамилија и пријатели. Посетувачот нека размисли малку за состојбата на оние кои заминале од неговите браќа муслимани како се надевале во големи нешта и собирале богатства потоа не го постигнале она во што се надевале и не се окористиле од нивните богатства. Земјата ги избришала нивните уживања и задоволства, ги раскинала на делови нивните тела во гробот, нивните жени после него ги оставила вдовици, неговите деца ќе го вкусат понижувањето на сирачиња. Нека се потсети на пропаста која ги предизвикуваат причините, потпирањето на здравјето и младоста и тежнеењето кон страстите и забавите. Сето тоа ќе исчезне во неповрат. Нека размисли околу состојбата на мртвиот, како му се распаднале нозете, протекле очите, како црвот му го изел јазикот а како земјата му ги истрошила забите. **(Ет-Тезкире, од Куртуби)**

*О ти кој викаш кон патот на пропаста*

*Зар не укажуваат на тоа младоста и староста?!*

*Ако не ја слушаш опомената тогаш што*

*користат во твојата глава слухот и видот?!*

*Не е глув и слеп никој друг освен човекот*

*Не го упатуваат двајцата упатувачи окото и трагите*

*Ниту времето останува ниту овој свет ниту планетава*

*ниту двете светла сонцето и месечината*

*Ќе отпатуваат од овој свет иако мразат да се одделат од неа и селанецот и граѓанинот*

Кој често пати се сеќава на смртта ќе биде награден со три нешта: забрзаност во покајување, задоволство во срцето и активност во ибадет. А кој ја заборави смртта ќе биде казнет со три нешта: одолговлекување на покајувањето, губење на задоволство во умереноста и пасивност во ибадет.

Најмногу што влијае врз човековата душа од глетките на смртта е присуството кај болните при смртниот час, бидејќи погледот во мртвиот и жестината на смртта и стравотиите

во тие мигови, и свеста за она што го очекува човекот по смртта, го прекинува задоволството на душата, го спречува човекот од спиење, телото од спокојство, поттикнува на работа и зголемува енергија во правење на добри дела.

Побожникот Хасан ел-Басри бил во посета на еден болен човек, и го нашол во моментите на смртната агонија. Погледнал во неговата тешка и жестока состојба во која западнал, уплашен со пребледена боја се вратил дома кај својата фамилија. Тие го прашале: „Да јадеме, Аллах да ти се смилува“. Одговорил: „Вие јадете и пијте, се колнам во Аллаха, сум видел таква слика што постојано ќе правам добри дела за тој момент сѐ додека го сретнам Господарот.“ **(Тезкире)**

Вистинско чувство за сеќавање на смртта се постигнува при присуство на џеназе, клањање на џеназе, негово носење, негово следење до гробишта и погребување на умрениот, фрлање земја над неговиот гроб. Сето ова потсетува на идниот свет. Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Посетувајте болни и следете џеназиња; ќе ве потсетуваат на идниот свет.“* **(Ахмед, Сахихул-џами’, 4109)**

Покрај оваа корист, за следењето на џеназе постои друга голема награда која ја спомнал Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., во следниов хадис:

*„Кој ќе присуствува на џеназе од неговата куќа* (Во друго предание: *„Кој следи џеназе на муслиман со верување и сметајќи на награда“*) *па сѐ додека го клања, тој има награда колку еден кират, а кој присуствува сѐ додека се погреба, тој ќе има награда два кирата.”* Прашан е Пратеникот с.а.в.с.: *Колку изнесуваат два кирата?* Одговорил: *„Колку две големи брда!”* (Во друго предание: *Секој кират изнесува колку брдото Ухуд*). **(Бухари, Муслим)**

Поранешните генерации на исламот Ес-селеф - Аллах нека им се смилува - кога го советувале некој муслиман кој паднал во грев го предупредувале со смртта. Еве еден од тие претходници - Аллах нека му се смилува - како го советувал еден муслиман кога во негово присуство оговарал (правел гибет) друг муслиман. Овој советувајќи го му рекол: „Сети се на памукот кога ќе ти го стават на твоите очи.“ односно кога ќе умрел некој го замотувале во ќефин и потоа му ставале памук на очите.

## 9) Потсетување на состојбите во идниот свет:

Ибн ул-Кајјим -Аллах нека му се смилува- вели: „Ако верникот има здрава мисла, секако дека ќе има и јасна претстава која значи светлина во неговото срце; со нејзина помош ги спознава Аллаховите радосни најави и закани, џеннетот и џехеннемот, она што го подготвил Возвишениот Аллах џ.ш. за неговите заштитници и непријатели, ќе помисли за луѓето кога ќе станат од нивните гробови понижени за да се одѕвијат на вистинскиот повик, ќе се спуштат мелеки од небо и ќе ги опкружат, потоа ќе дојде Аллах џ.ш. и ќе го постави својот престол за да пресуди меѓу луѓето, а земјата ќе засјае со нејзиното светло, книгата ќе биде поставена, ќе дојдат пејгамберите и шехидите, терезијата (мизан) ќе биде поставена а страниците ќе разлетаат, противниците ќе се соберат, секој должник ќе се закачи за оној од кого се задолжил, изворот (хауд) ќе блесне, жедта ќе се зголеми а водата намали, ќе се постави мостот за премин, луѓето ќе се упатат кон него, светлината ќе се подели на поминувачите, Огнот под мостот силно разгорува, оние кои паѓаат во него се многу повеќе од спасените, во неговото срце ќе се отворат очи со кои ќе ги гледа

сите овие настани и состојби на Идниот свет..“ **(Медарицу-с-Саликиин)**

Во божјата величествена книга – Куран - спомнати се многубројни страшни глетки и состојби од идниот свет во неколку сурињa како сурето Каф, Ел-Ваки’а, Ел-Кијаме, Ел-Мурселат, Ен-Небе, Ел-Мутаффифин, Ет-Теквир.. Исто така и во многу хадиски збирки и дела се спомнати ваквите состојби во поглавјата како за Судниот ден (кијамет), џеннет и џехеннем и други. Многу важно на ова поле е и читањето на книгите со тематика која зборува за идниот свет како: *Хадил-Ервах* од Ибн ул-Кајјим, *Ен-Нихаје фил-Фитен вел-Мелахин* од Ибн Кесир, *Ет-Тезкире фи ахвалил-Меута ве умурул-Ахире* од Куртуби, *Кијаметул-Кубра, Ел-Џеннету вен-Нару* од Омер ел-Ешкар и многу други.

Главна цел е да се потврди фактот дека во важните фактори кои го зајакнуваат верувањето спаѓа и запознавањето со состојбите на идниот свет како: оживување, станување од гробот, стоење пред Аллах, џ.ш., посредување на идниот свет, полагање сметка, казнување, одмазда, терезија, бунар (ел-хауд), мост (сират), вечните сместувалишта џеннет и џехеннем итн.

## 10) Размислување околу знаменијата во атмосферата:

Пренесуваат Бухари и Муслим дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., кога гледал облак или ветар, тоа му се забележувало на неговото лице. Аиша р.а., му рекла:

„О, Аллахов Пратенику, ги гледам луѓето кога ќе видат облак се радуваат надевајќи се дека ќе донесе дожд, додека те гледам тебе кога ќе го видиш тоа се познава незадоволство (страв) на твоето лице. Пратеникот с.а.в.с., одговорил: *„О Аиша! Не сум сигурен во него да не има казна, бидејќи еден народ бил казнет со ветар, еден народ ја видел казната и рекол:* **(Сигурно ова ќе биде дожд)** *а тоа било казна.“* **(Муслим)**

Исто така, Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., бил уплашен кога ќе видел помрачување на сонцето како што тоа се наведува во Сахихул-Бухари од Еби Муса р.а., кој раскажува: „Кога се помрачи сонцето, Пратеникот, с.а.в.с, стана уплашен стравувајќи да не дошол крај на овој свет (кијамет), истовремено ни нареди Ресулуллах при помрачување на сонцето и месечината да се оддадеме во намаз и нè поучил дека тие појави (помрачувањата)

се Аллахови знаменија со кои ги заплашува своите робови.“

Нема сомнение дека набљудувањето на овие атмосферски појави и стравувањето од кијамет го обновува верувањето во срцето, и потсетува на Аллаховата казна, бес, величина, моќ, сила, одмазда.. Аиша р.а. вели дека Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., ја земал нејзината рака и покажал кон месечината и потоа и рекол:

*„О, Аиша, барај заштита кај Аллах од злото на ова, бидејќи ова е злото на темнината кога ќе поклопи* **(Гасикин иза векаб)***.“* **(Ахмед, Силсиле-сахиха)**

Исто така од ваквите примери е и земањето поука при поминување покрај урнатините, гробовите и распаднатите места на казнетите поранешни народи. Пренесува Ибн Омер р.а. дека Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., им рекол на своите асхаби кога пристигнале до местото Ел-Хиџр:

*„Не влегувајте кај тие казнети освен ако бидете расплачени, а ако не бидете расплачени тогаш немојте да влегувате да не ви се случи вам она што им се случило ним.“* **(Бухари)**

За разлика од оваа опомена, денес, луѓето ги посет-уваат урнатите цивилизации и градови за рекреација и фотографирање, па ти размисли!!

### 11) Спомнувањето на Аллах џ.ш. (Зикруллах):

Зикрот има важна улога во чистењето и лекувањето на срцето како и негова заштита од зараза. Тој е дух односно стожер за добрите дела. Возвишениот Аллах џ.ш. наредил на негова честа примена и рекол: „**О вие кои верувате, спомнувајте го Аллах многу често.**“ (Ел-Ахзаб, 41) Му гарантирал спас на оној кој често го спомнува Него и рекол: **„Спомнувајте го многу Аллах ако сакате да бидете спасени.“** (Ел-Енфал, 45) Истовремено е највеличествена работа. Семоќниот Аллах џ.ш. вели: **„Спомнувањето на Аллах е најголема работа.“** (Ел-Анкебут, 45)

Зикрот е Пратеникова порака за оној кому му се насобрале исламските прописи, и му рекол нему:

*„Нека јазикот постојано ти биде свеж (влажен) со спомнување на Аллах.“* **(Тирмизи, сахих)**

Преку спомнувањето на Аллах џ.ш., го постигнуваме Аллаховото задоволство, го оддалечуваме шејтанот, ја отстрануваме тагата и жалоста, се приближуваме до ризкот, ги отвораме вратите на знаења. Спомнувањето на Аллах џ.ш. е садница во џеннет, причина за напуштање на престапите на јазикот. Тоа е бришач на разочарувањата на сиромашните кои немаат што да поделат како садака, па затоа Возвишениот Аллах џ.ш., ја заменил садаката со зикрот кој ги застапува физичките и материјалните ибадети и ја има нивната улога. Изоставањето на зикрот (спомнување на Аллах) е една од причините за суровоста на срцето:

*Заборавањето на Аллах е смрт за нивните срца*

*Нивните тела се погребани пред да бидат во гроб*

*А нивните души се осамени без форма*

*Тие нема да бидат проживеани пред проживувањето*

Затоа неминовно е за оној кој посакува да го излекува неговото колебливо верување е да се ангажира во се почесто оживување и спомнување на Аллаховото име. Аллах џ.ш.

вели: **„Спомни го Аллах кога ќе го заборавиш.“** (Ел-Кехф, 24)

Исто така, Возвишениот Аллах џ.ш. спомнувајќи ја вредноста на спомнувањето на Аллах џ.ш. за срцата вели: **„Секако, со спомнувањето на Аллах се смируваат срцата.“** (Ер-Ра’д, 28)

Исламскиот теолог Ибн ел-Кајјим - Аллах нека му се смилува - околу прашањето за лечење на верувањето со зикр вели: „Во срцето постои таква суровост која не се брише освен со спомнувањето на Аллах џ.ш., затоа потребно е човекот да ја лечи суровоста на срцето со спомнување на името на Аллах џ.ш. Еден човек се пожалил кај побожниот Хасан ел-Басри - Аллах нека му се смилува - со зборовите: О Ебу Сеиде, се жалам кај тебе за суровост во срцето. Хасан му одговорил: „Избриши ја суровоста со зикр.“ Ова е поради тоа што колку срцето ја зголемува рамнодушноста (немарноста) толку повеќе му се зголемува суровоста. Всушност, спомнувањето на Аллах џ.ш., ја отстранува таа суровост како што огнот го топи оловото. Нема друго влијателно средство за отстранување на суровоста од срцето како што е сеќавањето и спомнувањето на името на Аллах џ.ш. Зикрот е лек и мехлем за срцето како што немарноста и гафлетот се негова болест и

зараза. Мекхул рекол: „Спомнувањето на Аллах џелле шануху е лек, додека спомнување на луѓето е болест.“ **(Ел-Вабилу ес-Сајб)**

Со помош на спомнувањето на Аллах џ.ш., човекот го совладува шејтанот како што шејтанот ги совладува немарните и заборавените. Некои претходници од првите исламски генерации кои доследно го следеле Исламот рекле: “Кога зикрот ќе се смести и вдлабочи во срцето, па ако се доближи до него шејтанот ќе биде совладан, како што човекот некогаш е совладан и опседнат од допирот на шејтанот. Тогаш, шејтаните се собираат околу оној шејтан кој е совладан и се прашуваат: Што е со него? Некој од нив ќе рече: Совладан е од човечки допир!“ **(Медариџу-с-Саликин)**

Мнозина од луѓето кои се опседнати од шејтански допир се рамнодушни, пасивни, немарни, оти не се заштитуваат со пропишани верски дови и учења, и затоа шејтанот лесно ги совладува.

Некои од оние кои се жалат на слабо верување, им тежи користењето на некои средства за лечење на иманот како: Ноќен намаз, нафиле (доброволен намаз). Најсоодветен метод за лечење на слабиот иман во првата фаза е примената и грижата за општите верски дови во секои ситуации како на пример: *„Ла илахе иллаллаху вахдеху ла шерике лех,*

*лехул-мулку ве лехул-хамду ве хува ала кулли шејин кадир“ „Субуханаллах ве би хамдихи, Субханаллахил-азим“ „Ла хауле вела кувветe илла бил-ллах“* и други дови.

Потребно е да се научат и довите кои се наведуваат во суннетот на Пратеникот, с.а.в.с., кои се сврзани за одредено време или место како довите за наутро, навечер, при спиење, при разбудување, при сонување, при јадење, при влегување во тоалет, при патување, при време на дожд, ветер, гледање на месечина, при качење во превозно средство, при давање селам, при наздравување, при кукурикање на петел, при рикање на магаре, при лаење на куче, при напуштање на меџлис, при гледање на хендикепирани лица и други. Нема сомнение дека оној кој ќе ги научи и потоа ги применува при разни прилики ќе почувствува видно влијание врз своето срце.

## 12) Разговор со возвишениот Аллах и понизно стоење пред Него:

Колку што човекот е повеќе скрушен и понизен уште повеќе е поблиску до својот Соз-

дател Аллах џ.ш. Затоа, Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Најблиску што може да биде човекот до својот Господар е кога е на сеџде, затоа повеќе правете дова (значи на сеџде).“* **(Муслим)**

Ова почесно место го заслужува човекот, поради тоа што формата на сеџдето е највисок одраз на понизност и смиреност што тоа неможе да се најде во ниедна друга форма или положба. Всушност, штом човекот ќе го залепи своето чело на земјата - а тоа е највеличествено нешто за него - станува најблиску до својот Господар.

Алимот Ибн ел-Кајјим - Аллах нека му се смилува - опишувајќи ја понизноста на покајникот пред Аллах џ.ш. на еден благ начин потенцира: „Се колнам во Аллах, колку се учтиви и прекрасни зборовите на човекот во оваа состојба: Те молам о Боже, со Твојата гордост и мојата пониженост да ми се смилуваш, Те молам со Твојата моќ и мојата слабост, со Твојата независност и мојата зависност од Тебе. Ова мое меко и грешно чело го ставам пред Твојата величина, Твоите робови покрај мене се многу. Нема прибежиште ниту заштитa кај друг освен кај Тебе. Те молам како молењето на бедникот, смирено те вели-

чам како величањето на смирениот, те молам како молбата на изнемоштениот страшливец, молење кое му се потчинува вратот и носот, и потекуваат за тебе солзите и се понижува за тебе срцето.. Кога човекот ќе стапи во контакт со својот Господар на ваков начин со вакви зборови, тогаш, верувањето му расте и му се зголемува во голема мера.

Исто така, искажување на зависност од Аллах џ.ш., е важен фактор за зајакнување на верувањето. Семоќниот Аллах џ.ш., нè известил за нашата зависност и потреба од Него, па вели: **„О луѓе, вие сте сиромашни (зависни) кај Аллах, а Аллах е Независен и за благодарност Достоен.“** (Фатир, 15)

## 13) Кисарул-емел: - Кратки надежи и очекувања за иднина:

Оваа точка е многу важна за обновување на верувањето. Ибн ел-Кајјим - Аллах нека му се смилува - вели: „Најдобар доказ на ова поле може да послужи следниов курански ајет: **„Што мислиш, ако ги оставиме со години, а потоа да им дојде она со што им се заканува? Ништо не ќе им остане од она во што уживаа!“** (Еш-Шуара, 205-207)

**„Како да не се задржале освен дел од денот.“** (Јунус, 45)

Ова е состојбата преку целиот дуњалукот. Затоа, човекот нека не се надева попусто во далечна иднина и долг живот, па да рече: Ќе живеам и ќе живеам. Некои од претходните генерации на исламот му рекле на еден човек: Клањај заедно со нас пладне намаз! Човекот рекол: Ако клањам со вас пладне, нема да клањам икиндија! Некој му одговорил: „Зарем ти се надеваш да живееш до намазот на икиндија, Аллах да не чува од долга надеж!“

## 14) Размислување за бедноста и безначајноста на дуњалукот:

Со цел да не го врзе своето срце за него. Возвишениот Аллах џ.ш. вели: **„Животот на овој свет не е ништо друго освен лажно уживање“.** (Али Имран, 185) Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., рекол:

*„Со храната на човекот е даден пример за овој свет. Погледај во она што излегува од човекот иако го дотерал со зачин и насолил,*

*познато е на крај што станува (храната).“* **(Таберани,Силсиле-сахиха, 382)**

(Поврзаноста на она што излегува од човековиот организам со дуњалукот, лежи во крајниот исход од двете работи. Така што човекот при јадење на храна чувствува задоволство, меѓутоа храната потоа станува она што ни е познато (измет). Така и дуњалукот, во него навидум се чувствува задоволство, но потоа следи одговорност и казна на Судниот ден, особено ако дуњалукот го спречува човекот од извршување на Аллаховите наредби.)

Пренесува Ебу Хурејре - Аллах нека биде задоволен од него - дека го слушнал Аллаховиот Пратеник с.а.в.с., како вели:

*„Овој свет е проклет, проколнато е сѐ што е на него освен спомнувањето на Аллах џ.ш. и слично на него, ученикот и оној што бара знаење.“* **(Ибн Маџе, 4112)**

## 15) Величење на Аллаховите прописи (светости):

Возвишениот Аллах џ.ш. вели: **„Ете, оној кој ги велича прописите Аллахови.. тоа е токму, одраз на побожните срца.“** (Ел-Хаџџ, 32) Под поимот Аллахови прописи се

подразбира правата на Аллах џ.ш. кои можат да бидат сврзани за личност, место или време.

Од величење на Аллаховите прописи сврзани за личноста спаѓа почитување и следење на суннетот на Аллаховиот Пратеник Мухаммед с.а.в.с., од прописите сврзани за величење на места спаѓа искажување почит спрема Аллаховата куќа Бејтул-харам, додека од прописите сврзани за величење на време спаѓа постење на месецот Рамазан. Семоќниот Аллах џ.ш. вели: **„Ете, оној кој ги велича светостите Аллахови, тоа е добро за него кај Господарот свој.“** (Ел-Хаџџ, 30) Како одраз за почитување на Аллаховите прописи и светости спаѓа неомаловажувањето и непотценувањето на малите гревови кои навидум изгледаат незначителни. Пренесува Абдуллах ибн Месуд р.а. дека Аллаховиот Пратеник, с.а.в.с., рекол:

*„Чувајте се од потценување на малите гревови! Затоа што тие се натрупуваат кај човекот се додека го уништат.“* **(Ахмед)**

Истовремено, Аллаховиот Пратеник, саллаллаху алејхи ве селлем, посочил пример на оние кои ги омаловажуваат малите гревови како еден народ кој ќе се спушти во една нива и некој од нив ќе насобере едно дрвце, друг

друго дрвце се додека насоберат куп од дрвја, а потоа запалат оган и го испечат она што го ставиле врз огнот.

*Остави ги малите и големите гревови -*
*Тоа е побожност*
*Туку биди како оној што оди по земја со*
*трње и внимава да не нагази*
*Немој да ги потценуваш малите гревови,*
*и планините се од мали каменчиња*

Алимот Ибн ел-Џевзи во својата книга *Сајдул-Хатир* вели: „Многу луѓе се препуштаат во некои работи мислејќи дека се неважни, а тие во основа се подудираат во коренот како на пример гледање во забранети работи или позајмувањето на некои ученици некоја мала книга која потоа не ја враќаат.” Некој од поранешните побожници (Ес-Селеф) рекол: „Си дозволив да каснам еден забранет залог и еве јас денес после четириесет години одам наназад.“

## 16) Љубов спрема добро и омраза спрема лошо:

Односно благ однос спрема верниците и непријателски однос спрема безбошците. Вс-

ушност, срцето ако се спријатели со неверниците тоа ослабнува и се бришат од него значењата на верувањето, додека ако срцето се спријателува со верниците и им помага на послушните Аллахови робови, а од друга страна чувствува омраза кон непријателите на Аллах и неговите верници, тогаш тоа го заживува верувањето.

## 17) Скромноста има делотворна улога во обновување на верувањето:

Таа делува врз прочистување на срцето од валканоста на надуеност (кибр). Затоа што, скромноста во зборување, делување, однесување, е доказ на скромност во внатрешноста на срцето.

Пратеникот с.а.в.с., рекол:

*„Скромност во облекување е доказ на верување.“* **(Ибн Маџе, 4118)**

Исто така рекол:

*„Кој избегнува раскошна облека заради скромност спрема Аллах џ.ш., а тој има можност за тоа, Аллах ќе го повика на Судниот ден над сите созданија да избере*

*која облека на иманот сака да ја избере.“* **(Тирмизи)**

## 18) Постојат многу други дела сврзани за срцето кои се важни за обновување на иманот:

Како: љубов кон Аллах џ.ш., страв и надеж во Него, добро мислење за Него, потпирање на Него, задоволство со Неговата одредба, благодарност, искреност, убеденост во Него, барање опрост од Него и многу други внатрешни дела сврзани за срцето.

Постојат многу високи степени кои верникот треба да настојува да ги постигне за усовршување на лекот за слабиот иман. Како: истрајност, враќање кај Аллах џ.ш., потсетување, цврсто дружење со Аллаховата книга и суннетот на Пратеникот с.а.в.с., скрушеност, побожност, самоконтрола... Сите овие високи степени алимот Ибн ел Кајјим опсежно ги разработил во својата книга: **„Медарицулс-Саликин“.**

## 19) Преиспитувањето на својата душа е важен фактор во обновување на верувањето:

Возвишениот Аллах џ.ш. вели: **„О вие кои верувате, плашете се од Аллах, и нека секој погледа што подготвил за утре.“** (Ел-Хашр, 18)

Омер ибн ел-Хаттаб - Аллах нека биде задоволен со него - рекол: „Преиспитајте ги своите души пред да ги преиспита друг.“ т.е. Аллах џ.ш., на Судниот ден. Неминовно е потребно муслиманот да одвои време за себе за да ја преиспита својата душа, нејзината состојба, за да би ги воочил нејзините грешки и да види што всушност подготвил за идниот свет.

## 20) И на крај упатување на дова спрема Аллах џ.ш.:

Ова спаѓа во најглавните фактори за кои треба верникот да посвети посебно внимание и грижа како што рекол Аллаховиот Пратеник с.а.в.с.,:

*„Навистина, иманот се троши во вашата внатрешност како што се троши облеката. Затоа, молете го Аллах да го обнови вашиот иман во срцата ваши.“* **(Хасен)**

О Аллаху мој, Те молам со Твоите убави имиња и совршени својства да го обновиш

нашиот иман во нашите срца! О, Аллах, направи го иманот сакан за нас и украси го во нашите гради, и оддалечи нѐ од неверство, грешење и непослушност и направи нѐ од упатените. Славен да е Величествениот Господар од она што Му припишуваат, и спас и мир нека биде врз пратениците. И на крај, благодарсноста му припаѓа единствено на Аллах, Господарот на сите светови. Амин!

**Шејх: Мухаммед Салих ел-Мунеџџид**

# СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ______________________________ 3

СИМПТОМИ НА СЛАБИОТ ИМАН _______________ 8

ПРИЧИНИТЕ ЗА СЛАБИОТ ИМАН ______________ 33

ЛЕКУВАЊЕ НА СЛАБИОТ ИМАН _______________ 48